

# connect

ГРАДИ ЈА ИДНИНАТА СО БОГА

СЛАТКИ МАЛИ ЛАГИ

Слава

Секс

ЖИВОТ ПО СМРТТА. СЕРИОЗНО?

# LIFEconnect

www.lifeconnect.mk




*Добре дојде во онлајн заедницата, место каде што можеш да се чувствуваш како дома и да го истражуваш животот. Пријави се, гледај ги видео-содржините, вклучи се во разговор и LIFEconnect нека стане твој виртуелен дом.*

©www.bigstockphoto.com/ra2studio

# СОДРЖИНА




## БОГОВИ КОИ НÈ ИЗНЕВЕРИЛЕ


Страст 4
Алчност 8
Слава 15
Окултизам 19





## ДЕЛОТВОРЕН БОГ


Можеме ли да го запознаеме Бога? 23
Како завршува твојата приказна? 27
Има ли причини за да веруваме? 30
Боже, зошто страдаме? 33
Што е воопшто добро а што зло? 36
Најдобрата сторија што ја знам 39
Живот по смртта. Сериозно? 42





## БОГ СЕ ГРИЖИ ЗА ИДНИНАТА


Зошто треба да го следам Исус? 45
Слатки мали лаги 48
Предупредување за бура 51
„Повторно ќе дојдам“- Исус 55
Најголемата надеж 58
Ти во вечноста 61






Издава: Знаци на времето, Влае бр. 42, Скопје, Македонија
Уредник: Мирослав Пујиќ
Превод: Весна Станковска
Јазична редакција: Мелита Томовска
Графичка изработка: little zebra studio
Насловна: www.istockphoto.com
Печати: Euro Dream, 2014.

Сите права се задржани. Умножување во каков било облик, делумно или целосно, не е дозволено без писмено одобрување од издавачот.



©www.istockphoto.com/fyb

# Страст

Кога го посетивме Амстердам, со мојата сопруга Карла талкавме низ еден од најпознатите европски црвени квартови каде што во излозите можеа да се видат девојки од сите раси и изгледи кои се рекламираа како да се производи за продажба.

Но, она што навистина нè изненади беше една калуѓерка која чекореше по улицата со својата голема лелеава шамија. Нашиот водач рече дека таа е вистинска калуѓерка од старата црква во тој дел од градот која се грижи за проститутките. Восхитувајќи се на нејзината добрина, реков: „Токму тука гледаме две крајности на нашата култура врзани за сексуалноста и жените – света девица и грешна проститутка“.

„Така е“, додаде Карла. „Но кој вели дека нашето телесно уживање мора да биде грев на душата? Кој вели дека духовноста мора да биде толку непривлечна?“

Повеќето луѓе ја бираат „грешната“ опција, исмевајќи ги религиозните правила како старомодни. Уште од сексуалната револуција во 1960-те, човек може да го прави она што го возбудува, сè додека е тоа во согласност со намерите на возрасните и додека има презервативи. Многу секуларни луѓе сексот го доживуваат како врвно задоволство и скоро го изедначуваат со смислата на животот. Тоа е изразено со стиховите на една песна: „Јас и ти, душо, сме само цицачи, па ајде да го правиме она што го прават цицачите на Дискавери каналот“.

Мнозина сметаат дека христијанството се занимава со потиснување на сексуалното задоволство и настојува да го ограничи човечкиот живот. Едновремено многу свештеници се обвинети за сексуална злоупотреба на деца. А колкумина од нив сè уште не се откриени бидејќи добро го замаскирале она што го правеле? Ова сериозно ја нарушува среќата и идниот живот на децата за кои требало да се грижат, но тоа исто така докажува и дека никој не може да ги одржи христијанските правила – дури ни самите свештеници. Затоа религијата изгледа лицемерно кога станува збор за сексуалноста.

Сепак, дали секуларното гледиште навистина го нуди она што го ветува? Да ја земеме, на пример, порнографијата. Некогаш била тешко достапна, но сега таа се наоѓа на само две кликнувања со маусот на оној што е приклучен на интернет, вклучувајќи ги и децата. Тоа е глобална индустрија „тешка“ 60 милијарди долари, која остварува огромен профит, но дали некој знае какви последици предизвикува кај луѓето? Некои коментатори велат дека тоа е нормално и здраво, но други истражувачи укажуваат на загрижувачки трендови. Истражувањата предупредуваат на следните склоности кај мажите кои гледаат порнографија:

1. Ги споредуваат своите партнерки од реалниот живот со порноглумиците и се изјаснуваат дека се помалку задоволни со изгледот на своите партнерки и водењето љубов (Притисок!)
2. Сексот го доживуваат без емоции. Некои психолози ова го нарекуваат „одвоеност“, кога телесната активност не е поврзана со емотивното доживување. Но, зар не е најдобар оној однос кој е подеднакво сексуално возбудлив и емоционално длабок и интимен?
3. Имаат помалку доверба во своите партнерки и помалку се внимателни кон нив и кон нивните чувства.[1] Тоа е опасно, ако се земе предвид дека довербата и вниманието се основа за добар однос!
4. Подлегнуваат на маѓепсаниот круг на зависноста. Советникот за мажи, Питер Бејкер, пишува дека тие можат да бидат заведени од „илузијата на близина со друга личност“, а всушност „се фатени во погубниот круг на чувството на осаменост, притоа вртејќи се кон порнографијата за да се чувствуваат подобро, но доаѓаат до заклучок дека тоа не ги задоволува нивните потреби“.[2]
5. Ги обзема сè поголема досада и чувствуваат незадоволство, па преминуваат на потврда, „повалкана“ порнографија. Ова често се нарекува „ефект на апсолвирање“.[3] Не сакам да ви го расипам расположението со опишување на деталите, но да речеме дека тоа може да вклучува и сексуална агресија – удирање шлаканици, давење, влечење за коса, блокирање на дишењето, употреба на вулгарни зборови и уште полоши работи, а една студија открива дека на такво малтретирање се изложени 94% од жените.[4] Истражувањето не опфатило само неколку изопачени луѓе: студијата била спроведена со популарните филмови кои добро се продавале или се изнајмувале. И детската порнографија станува сè поприсутна.

А што ако порнографијата ги намалува шансите луѓето да остварат романтична интимна врска во реалниот свет? Што ако тоа ја понижува жената правејќи од неа само предмет? Што ако тоа предизвикува уште поголема осаменост, себичност и неразбирање меѓу луѓето? Што ако таквиот поглед на љубовта, кој ветува сексуална слобода, всушност ги заробува и ги вовлекува луѓето во зависност? Тоа би било тажна иронија.

Крег Грос, пастор на црквата на интернет адресата XXXChurch.com (XXX е ознака за порнографија на интернет - заб. прев.), кој им помага на зависниците од порнографија, вели дека неговите клиенти тоа му го кажуваат секој ден.

Еден мој пријател, психијатар, неодамна ми кажа дека успехот за огромната продажба на вијагра, која се изразува со милиони долари, во голем дел може да им благодари на луѓето кои толку многу гледале порнографски содржини, што сега им е тешко да се возбудат во однос на реалната партнерка (без силиконски импланти и сл.) и да ја сакаат.

Можеби проблемот се состои во тоа што порнографијата во најголем дел нè третира како да сме само тело. Таа го занемарува човечкиот дух, душата на личноста.

Понекогаш црквата прави нешто спротивно: кон личноста се однесува како таа да е само душа, без телесни потреби. Тоа предизвикало големи болки и непотребна вина. Но сепак, кога ќе погледнеме што Библијата навистина зборува, црквата не требало да направи таква грешка. Таа понекогаш ја занемарувала древната мудрост што требала да ја поучува.

Повеќето луѓе не знаат дека Библијата содржи цела една книга со еротска содржина, збирка на интимни љубовни песни за односот меѓу мажот и жената. Таа е и љубовна и интимна.




**ПОВЕЌЕТО ЛУЃЕ НЕ ЗНААТ ДЕКА БИБЛИЈАТА СОДРЖИ ЦЕЛА ЕДНА КНИГА СО ЕРОТСКА СОДРЖИНА, ЗБОРКА НА ИНТИМНИ ЉУБОВНИ ПЕСНИ ЗА ОДНОСОТ МЕЃУ МАЖОТ И ЖЕНАТА.**

На пример, жената пишува за својот маж:

*Мојот сакан е полн со живот...*
*Тој има силни златни раце како излеани, украсени со скапоцености.*
*Неговиот стомак е како слонова коска, скиптар украсен со сафири...*
*Неговата уста е толку слатка.*
*Тој е целосно посакуван.*
*Тоа е мојот сакан и тоа е мојот пријател...*

Песна над песните 5,10–16 (парафразирање на авторот)

Гледате ли? Таа ги сака неговите мускули, го смета за фантастично надарен со сила и ужива и во нивното интимно пријателство. Тој слично вели за неа:

*Твоите мазни, златни нозе се украси кои ги обликувал уметникот.*
*Твоето тајно средиште... е извор на задоволство...*
*Твоите гради се како две срнички близнаци нежни и чувствителни...*
*Твоите очи се освежувачки и мирни како длабоко езеро...*

Песна над песните 7,1-5 ( парафразирање на авторот)

Нивните чувства и нивното доживување на љубовта се доволно значајни за да бидат запишани во Библијата – а ова доволно ни зборува за тоа како Бог ги вреднува жените и мажите. Тоа има смисла ако Бог го создал човечкото тело и го прогласил за „многу добро“, а не валкано и зло. А оваа жена има љубовник и пријател, сè во една личност. Тоа денес е доста ретко. Што сме направиле со Божјиот дар на половата интимност?

Таму, во Амстердам, сфатив. „Заборави ги крајностите за светата невиност или грешниот секс“, ѝ реков на Карла. „Постои урамнотежена опција. Тоа си ти!“

„Што?“ чудно ме погледна, но јас не запрев.

„Да, тоа си ти, толку прекрасна љубовница чиишто детали секогаш ќе ги чувам зад мојата насмевка, моја блиска пријателка со која се молам и пред која мојата душа е разголена без срам, интуитивна мајка, умна животна сопатничка... Да, те сакам и со тебе никогаш не ми е досадно... Ти и понатаму си мојата привлечна девојка во која сум вљубен и по шеснаесет години. Му благодарам на Бога што создал сексуална, духовна љубов. И му благодарам на Бога за тебе“.

Карла не кажа ниту збор. Веднаш ме бакна во образот, ме фати за рака и ме одвлече во ноќта.

[1] Catherine Itzin (ur.), *Pornography: Women, Violence and Civil Liberties*, (Oxford: Oxford University Press, 1992.), стр. 290.
[2] Исто, стр. 1134.
[3] Исто, стр. 260–262.
[4] Види ја студијата на Ана Бриџис и соработниците. Види и Cordelia Fine, *“The Porn Ultimatum”*, (The Monthly, септември 2011), стр. 16–21.

# АЛЧНОСТ

„Алчноста, во недостиг на подобар израз, е добра. Алчноста е исправна. Алчноста функционира. Алчноста појаснува, го трасира патот и ја изнесува суштината на духот на еволуцијата“ - Гордон Геко, Волстрит (1987).

„Некој ме потсети дека еднаш реков: 'Алчноста е добра', но сега изгледа и дека е легална. Затоа што сите цврсто се држат за таа опасна догма“ - Гордон Геко по глобалната финансиска криза, Волстрит II (2010).

Додека рецесијата ширеше финансиска темнина во дел од светот, сфатив дека е време да ги проверам моите ставови во врска со парите. Да бидам искрен, открив дека имам некои нездрави идеи. Откако се ослободив од нив, се чувствувам многу подобро. Провери и ти за себе.

## >> > „КОГА САМО БИ МОЖЕЛ ДА ДОБИЈАМ НА ЛОТО...“


©www.istockphoto.com/Sonulkaster

Еден психолог го истражувал однесувањето на дваесет и двајца добитници на големата американска државна лотарија. Открил дека не се ништо посреќни од обичните луѓе; напротив, изјавиле дека се помалку среќни во секојдневниот живот[1] и веројатно биле разочарани затоа што имале поголеми очекувања.

## „МОРАМ ДА КУПАМ НЕШТО ЗА ДА СЕ РАСПОЛОЖАМ“.


©www.123rf.com

Една стара изрека вели: „Оној што мисли дека со парите може да ја купи среќата, не знае каде треба да купува“. Но, всушност, „шопингхолиците“ или компулсивните потрошувачи имаат помала самопочит, поголема стапка на депресија, вознемиреност и нарушувања околу употребата на опијати. Можеби оние нови чевли или играчки за големи момчиња нема да го променат вашиот живот.



## „ВИДОВ РЕКЛАМА...“


©www.123rf.com

Рекламирањето на производите привлекува, но едновремено го празни вашиот џеб. Тоа може да ги заведе твоите емоции. Ненси Шалек, рекламен менаџер, изјавила: „Рекламите го постигнуват тој ефект луѓето да се чувствуваат како губитници без рекламираниот производ. Децата се посебно чувствителни на тоа... Ги допирате таму каде што се емотивно најосетливи и тоа е многу едноставно, бидејќи тие се емоционално најранливи“.

Оставете ме мирно да си ги сонувам своите соништа и да го ценам она што за мене е вредно!

## >> > „ЗАРАБОТУВАМ ЗА МОИТЕ ДЕЦА“.


www.shutterstock.com/Monkey Business Images

Грижата за другите е начин на покажување љубов, а некои луѓе мора да работат и прекувремено за да го прехранат своето семејство, да го облечат и да му обезбедат покрив над глава. Но некои работат прекувремено за да имаат поголеми куќи и скапи автомобили, а тоа на децата може да им прати порака дека имотот е многу поважен од времето поминато со семејството.[2] Таквите родители можеби ќе даваат повеќе подароци (често поради чувство на вина) и ќе ги учат децата љубовта да ја покажуваат на материјален начин, заборавајќи на другите јазици на љубовта како дружење со членовите на семејството, поттикнувачки и охрабрителни зборови, знаци на внимание и физички допир. Таквите деца повеќе гледаат ТВ и реклами – а тоа во нив ја поттикнува желбата повеќе да ги сакаат материјалните работи.

Патем, да се копнее по материјалното не е исто како и да бидеш богат. Ти можеш да бидеш опседнат со богатството дури и ако си сиромашен, а тоа е нездраво. Можеш да бидеш богат, па сепак меѓучовечките односи и други работи да ги цениш многу повеќе од парите.

## „КОГА ТОА ЌЕ ГО ПОСТИГНАМ, ЌЕ ПРЕСТАНАМ “.


©www.GdeFon.ru

Твојата цел може да се менува. Да го земеме како пример компјутерскиот претприемач Џим Кларк. „Пред Силикон Графикс, Кларк рекол дека богатството од 10 милиони долари би го направило среќен; пред Нетскејп, 100 милиони долари, пред Хелтион, милијарда долари“, а на крајот рекол: „Кога ќе имам повеќе од Лери Елисон, тогаш ќе бидам задоволен“ (Елисоновото богатство тогаш изнесувало 13 милијарди долари).[3] Повеќето од нас не сонуваат за толку големи бројки, но вистина е дека колку повеќе добиваме толку повеќе ни „треба“.


©www.123rf.com

## „ТОА МЕ ПРАВИ СРЕЌЕН...“

Луѓето склони кон материјализам повеќе ги сакаат скапите работи коишто општеството ги цени (како желбата да имаш куќа подобра од куќата на твојот пријател), отколку она што е за твое добро (куќа која на твоите деца ќе им овозможи поголема удобност или затоа што уживаш во мултиетничко, шарено предградие, дури и ако е тоа помалку угледно) или има емоционално значење (да живееш поблизу до своите омилени пријатели или роднини). Ова е една од причините зошто оние кои се помалку склони кон материјализмот се посреќни. Тие го прават она што им причинува задоволство, за лично добро и предизвик, а не поради пофалба или награда. Тоа е нивниот начин на изразување и самоостварување. Затоа ќе изберат хоби согласно нивните интересирања, а не според тоа дали е модерно или популарно.

## „ЦЕНАТА ШТО ЈА ПЛАЌАШ...“


©www.istockphoto.com/mediaphotos

Колку повеќе работиш за пари, слава и углед, толку се поголеми шансите да ги пропуштиш нематеријалните цели кои навистина те прават среќен: личниот раст, блиските меѓучовечки односи и службата во заедницата.

## „ЗАТОА ШТО СУМ ГО ЗАСЛУЖИЛ ТОА...“


©www.bigstockphoto.com/NejroN

Зошто се цениш себеси? Дали заради тоа што си постигнал некои надворешни мерила како што се богатство, голема заработувачка, академска титула, спортски резултати? Дали твоето задоволство се темели на пофалбите што ги добиваш од луѓето? Затоа што си постигнал одреден углед или се дружиш со угледна личност? Ако е така, твојот став е ризичен, бидејќи овие работи можат брзо да исчезнат. Несигурноста и недостатокот на самопочит можат да доведат до празнина која луѓето се обидуваат да ја покријат со блескава надворешност, чувство на важност, суета и желба да имаат посебен третман и луѓето да им се восхитуваат. Ова се нарекува нарцисоидност. Најсилната самопочит доаѓа однатре и се темели само на она што си. Тоа се стекнува во окружение исполнето со родителска љубов и позитивни примери додека растеш и ако си сакан и прифатен таков каков што си. Самопочитта се појавува и ако веруваме дека нè создал Бог кој нè сака. (Христијанинот би рекол дека Бог копнее да биде со тебе засекогаш). Тоа е неспорно.




©www.istockphoto.com/MarkHatfield

## „ПОСЕБНА ЛИЧНОСТ...“

Богатите луѓе се попаметни, покултурни и поуспешни во сè – така барем мислат главно материјалистите, изнесуваат Кан и Касер во своите истражувања[4]. Но тоа не е реална слика. Некои богати луѓе постигнуваат доста (како и некои сиромашни луѓе), но супермен е мит – а луѓето се луѓе. Ако мислите спротивно, можете да се разочарате кога ќе се збогатите или да се чувствувате помалку вредни ако не се збогатите. Еден мудар човек напишал: „Богатиот и сиромашниот се сретнуваат; двајцата ги создал Бог“ (Мудри изреки 22,2).

## „ПЛАНЕТА? КОЈА ПЛАНЕТА?“


©www.bigstockphoto.com/smithore

Луѓето склони кон материјализам помалку се заинтересирани за природните убавини и едноставниот начин на живот. Едно истражување покажало дека тие имаат негативни ставови кон околината, слабо се грижат за живиот свет и немаат еколошка свест.



©www.shutterstock.com/ digitalsport-photoagency

Во својата извонредна книга „Високата цена на материјализмот“, професорот Тим Касер резимира: „Нашите сакани, нашите деца, нашите соседи, нашето општество и нашата планета трпат последици кога желбата за богатство, статус и углед управуваат со нашето однесување“.[5]

Религиите ова го учеле отсекогаш, а ние можеби сме мислеле дека тие се обидуваат да нѐ ограничат и животот да ни го направат досаден. Исус кажувал радикални работи како, на пример: „Внимавајте! Чувајте се од секаков вид алчност; вредноста на човековиот живот не се мери според неговото богатство“[6].

**МАДОНА ПЕЕШЕ: „ЈАС ЖИВЕАМ ВО МАТЕРИЈАЛЕН СВЕТ / И ЈАС СУМ МАТЕРИЈАЛИСТКА“. ПА ЗОШТО ТОГАШ МАТЕРИЈАЛИЗМОТ НЕ МОЖЕ ДА ЗАДОВОЛИ?**

Како Бог се обидува да нѐ усреќи? Повторно да слушнеме што вели Исус: „Ви го кажав ова за да се исполните со мојата радост. Да, вашата радост ќе се прелева! Ви заповедам да се сакате еден со друг онака како што јас ве сакам вас“.

Ова е добар совет, но ми се наметнува едно прашање. Мадона пееше: „Јас живеам во материјален свет / и јас сум материјалистка“. Па зошто тогаш материјализмот не може да те исполни? Ние сме материјални, но дали духовниот дел од нашето битие може да одигра позначајна улога во спознавањето на самиот себе?

[1] Tim Kasser, *The High Price of Materialism,* (Cambridge, Massachusetts: MIT Press, 2002.), стр. 44.
[2] Kasser, стр. 89.
[3] Kurt Anderson, *"Valley Guy",* (New York Times, 31. септември 1999.), стр. 268.
[4] Kasser, стр. 53.
[5] Исто, стр. 87.
[6] Лука 12,15 (парафраза на авторот).
[7] Јован 15,11.12 (парафраза на авторот).










**За љубовта**, за онаа вистинска, исконска, совршена љубов, има многу напишани дела. Како ја доживуваме љубовта? Умееме ли да сакаме? Уживаме ли да даваме љубов исто толку колку што сме подготвени да ја примаме? Имаме ли смелост да прифатиме еден таков предизвик? Дали проштаваме и забораваме? Не е секогаш лесно да се сака, но може да биде мошне интересно. **Да се покаже љубов**, тоа понекогаш може да биде најделикатна акција на светот, но затоа носи бесконечна и возвишена награда. Оваа книга ќе Ви помогне не само да сакате туку и да запознаете нешто со што ќе го збогатите својот живот!

www.znacinavremeto.mk



©www.bigstockphoto.com/digitalsport-photoagency.com

# Слава

Зар не посакува секој да биде ѕвезда на Формула 1?

Промената на гумите на автомобилот на Себастијан Ветел трае само 4,2 секунди. Никој не му вели: „Другар, донеси ја во четврток и остави ја на еден ден“.

Се кладам дека Луис Хамилтон никогаш не доживеал неговата жена да го потапка по коленото и да му каже: „Дали би можел да возиш малку побавно, душо? Ти не си Луис Хамилтон“.

Ни Фернандо Алонсо никогаш не добива полициски плик со нова снимка од камерата која го фатила како пребрзо вози.

Би сакал тоа да го доживеам барем на ден-два. Возбуда! Само еден ден од нивната заработувачка. Но сепак, јас повеќе би сакал да бидам јас.

Бидејќи не сум дал 240 милиони долари за автомобил со само едно седиште, па уште и без држач за чаша!

Зар не би било убаво публиката да го воскликнува твоето име по налудничавото возење? Можеби, но кога ќе го паркирам мојот автомобил, слушам како некој извикнува: „Тато!“ Тие ме познаваат.

Дали би ја заменил својата жена за десетина бикини-убавици кои рекламираат свеќички и ме прскаат со шампањско? Никако.

Славата е бедна замена за љубовта. Публиката може да ја сака сликата што ја има за тебе, но да имаш некого кој те познава во душата и те сака, тоа е нешто многу подлабоко и неописливо поголемо задоволство ако и ти ја сакаш таа личност. Славата е краткотрајна, но љубовта кон некоја личност може да трае цел живот.

Се кладам дека Луис Хамилтон никогаш не доживеал неговата жена да го потапка по коленото и да му каже: „Дали би можел да возиш малку побавно, душо? Ти не си Луис Хамилтон“.

Зар не посакува секој да биде ѕвезда на Формула 1?

Колку пати сме слушнале тажна приказна за некоја славна ѕвезда! Актерот или пејачот живее за публиката да го обожава, се чувствува осамено во приватниот живот, станува зависник, заработува и троши раскошно, но живее жално и умира млад. Сигурно би можел лесно да наброиш десет ѕвезди чија приказна ги содржи овие елементи: Мајкл Џексон, принцезата Дајана, Витни Хјустон, Елвис Присли, Ривер Феникс... Списокот е долг. А тука се и ѕвездите кои се приклучиле на клубот „27“, умирајќи на таа возраст бидејќи нивниот начин на живот бил високо ризичен и деструктивен: Ејми Вајнхаус, Курт Кобејн, Џими Хендрикс, Брајан Џоунс (од првата постава на Ролинг Стоунс), Џим Морисон... А класична е и приказната на спортските ѕвезди кои никогаш не се чувствувале доволно живи без воскликот на преполниот стадион кој го извикува нивното име и се препушта на пијалакот, дрогата и обожавателите.

Мерлин Монро, можеби најпосакуваната жена на светот во тоа време, на еден посетител му рекла: „Дали некогаш сте биле во куќа со четириесет соби? Е па, помножете ја мојата осаменост со четириесет. Толку сум осамена“. Дури и ѕвездите кои ќе преживеат, имаат огромни борби. Џена Џејмсон, веројатно најпознатата порно ѕвезда на планетата, имала незамисливо богато платена кариера од милиони и милиони долари, но себеси се опишува како дебела и грда, која се бори со зависностите и со нарушувања во исхраната, и размислува за самоубиство: „Не бев среќна... Ми беше потребен некој. Не можев да бидам сама... Наидуваа моменти кога бев уплашена, болна, помислував на самоубиство – имав потреба да знам дека некаде постои топло чувствително човечко суштество кое би зачекорило низ мојата врата... уверувајќи ме дека на оваа Земја некому му значам, дека се грижи за мене“.[1] Колку е иронично што таа, која заработувала на тој начин што „водела љубов“, не почувствувала љубов во својот живот.

За што се работи?

Многу ѕвезди имале тешко семејно минато, и можеби тоа ги мотивирало до тргнат во потрага по слава, но успехот во кариерата не им ја донел посакуваната среќа, ниту рамнотежата што им била потребна. Зошто?

Овие луѓе се богови на популарната култура. Тие се идолизирани, нивните слики се појавуваат во нашите списанија, на нашите ѕидови, на нашите мобилни телефони. Јавноста сака да знае каква облека носат, со кого спијат, која марка паста за заби ја употребуваат. Тие




©www.bigstockphoto.com/Dutourdumonde

**СЛАВАТА Е КРАТКОТРАЈНА, НО ЉУБОВТА КОН НЕКОЈА ЛИЧНОСТ МОЖЕ ДА ТРАЕ ЦЕЛ ЖИВОТ.**

се сон на секој огласувач, бидејќи луѓето сакаат да бидат на нивно место или барем како нив. Луѓето што ќе ги сретнат се однесуваат како да виделе божество.

И колку млади луѓе се заслепени од желбата да станат познати како нив? Кога само би можеле да победат на некој натпревар на таленти, тогаш би биле среќни, би биле сакани. Тогаш тие би биле некој, поголеми од нас, обичните смртници, кои напорно работиме далеку од телевизиските камери.

Но, дали тоа е навистина така?

Не, ако славата е само евтина имитација на љубовта.

Новинарот Филип Јенси интервјуирал многу луѓе и тој ги дели на две групи: слуги и ѕвезди.

„Ѕвездите“ се обично модели, спортски херои, глумци, музичари, милијардери, политичари. Иако луѓето им ласкаат, сепак Јенси согледува дека тие се доста несигурни во себе, невротични, зависници од дрога и душевно полабилни и понестабилни од просечните луѓе. „Повеќето од нив имаат проблематичен или уништен брак. Речиси сите безнадежно зависат од психотерапија“.[2] Толку за тоа дека начинот на живот со нагласок на себе може некого да го направи среќен!

Во „слуги“ ги вбројуваме докторот кој ја напуштил својата исклучително добро платена лекарска кариера за да работи со сиромашните пациенти болни од лепра, хуманитарните работници во најзагрозените делови на Африка, доброволците, оние кои своето време и пари ги посветиле на некои благородни цели, кои искрено веруваат дека смислата на животот е да им се дава на другите. Јенси мислел дека, кога ќе се сретне со тие луѓе, ќе наиде на свети маченици кои прават добри дела со стиснати заби. Но, утврдил дека им завидува на среќата во нивниот живот, на нивното чувство на мир, на внатрешната сила. „Тие работат за мали плати, прекувремено и без аплауз, ’расипувајќи‘ ги своите таленти и способности меѓу сиромашните и необразованите. Но некако во тој процес на губење на својот живот, тие всушност го пронашле. Тие стекнале таков ’мир кој не е од овој свет‘“.[3]

Се разбира, не се вклопуваат сите ѕвезди од платното и екранот во оваа воопштена слика. Некои ѕвезди имаат став на слуга: мислам на Боно Вокс, кој ја употребува својата популарност во јавноста



за да лобира за најсиромашните луѓе, а неговите стихови им упатуваат предизвик на вредностите и убедувањата. Би сакал да верувам дека тој е посреќен поради тоа.

Па сепак, и некои непознати луѓе се однесуваат како ѕвезди. Можеби тие го прифаќаат советот на Парис Хилтон: „Постави се себеси на пиедестал, а потоа тоа ќе го направат и другите. Секогаш однесувај се како да си пред камера, додека рефлекторите се насочени кон тебе. Секогаш однесувај се како да си во центарот на вниманието. Секогаш однесувај се како да носиш невидлива круна. Јас правам така. И мене тоа секогаш ми успевало“.[4] Би било добро да се знае дали тоа успева кај сите или само ги иритира другите луѓе? И додека ние ѝ посакуваме на Парис сѐ најдобро, дали ваквото однесување довело до стабилни и среќни односи во нејзиниот живот? Зошто тогаш мислиме дека тоа ќе доведе до позитивна промена во нашиот живот?

Па, затоа што нашата култура постојано ги воздигнува овие луѓе. Кога последен пат сте виделе во некое познато списание фотографија од медицинска сестра која со цело срце се грижи за малите пациенти заболени од рак? Или на учителка која работи прекувремено за да им помага и да поучува деца во некое сиромашно предградие? Каде е сликата на татко кој слуша како детето вежба на клавир, како му помага да вежба математика, посетува училишни приредби и му дава поддршка на своето дете?

Според Исус од Назарет, тајната за среќен живот е да служиме од љубов (а многу малку луѓе го сфаќале сериозно. Така е и денес).

Тој работел во сиромашна, окупирана земја, хранејќи ги селаните кои макотрпно живееле и лекувајќи ги оние кои биле толку болни што не можеле ни да работат ни да живеат, ги учел и ги инспирирал луѓето да даваат и да ја победат природната човечка себичност и да живеат со прекрасната широка визија дека човечкиот род е едно големо семејство чиј добар и дарежлив родител е Бог.

Тој рекол: „Кој и да се обидува да го сочува својот живот, ќе го изгуби, но оној кој ќе го изгуби својот живот, ќе го најде“ (Лука 17,33 парафразирано). Ова звучи назадно во нашата култура, но се пластат доказите дека Тој целосно бил во право.

Тој ги кажал овие познати зборови: „Зашто Синот човечки не дојде да му служат, туку да служи и да ја даде својата душа за откуп на мнозина“ (Марко 10,45).

Неговите современици сметале дека Синот човечки е моќен цар кој еден ден ќе владее со целиот свет. Исус рекол дека Тој е Синот човечки кој дошол да служи и – што е незамисливо – да го даде својот живот како јунак на бојно поле за да ги спаси другите. (Повеќе за тоа подоцна).

А што ако Неговите зборови не се само празно верско брборење?

Што ако Тој се обидува да ни ја открие тајната на среќата?

Според Исус од Назарет, тајната за среќен живот е да служиме од љубов.

[1] Jenna Jameson, *How To Make Love Like A Porn Star: A Cautionary Tale*, стр. 365.

[2] Philip Yancey, *Where Is God When It Hurts?* (Grand Rapids: Zondervan, 2008.), стр. 59.

[3] Исто, стр. 60.

[4] Paris Hilton, with Merle Ginsberg, *Confessions of an Heiress*, стр. 7.





©www.istockphoto.com/Renphoto

# ОКУЛТНОТО

Кога пријателот ме одведе во спиритистичката црква, не знаев што да очекувам.

На главниот влез една постара дама со цвет на нејзината шапка му рече на мојот пријател: „Здраво, Дејвиде. Дали утрово ти требаше многу време за да стигнеш од Спрингвуд до тука?“

Дејвид изгледаше запрепастен што таа го знае неговото име и името на предградието во кое живее, иако тие никогаш не се сретнале. Тој одговори: „Дали вие мене ме познавате?“

„Не, мојот дух водич ми кажа да те дочекам“, рече покажувајќи нагоре. Веднаш почнав аналитички да барам во што е трикот.

Се претставив, а една друга постара госпоѓа додаде: „Со тебе влезе уште некој - твојот дедо“.

„О?!“ реков, обидувајќи се да бидам пристоен. Секој имал по двајца дедовци, така што тоа би бил сигурен погодок, но сепак, некои се сѐ уште живи.

„Да, висок маж со љубезно лице“.

Чудно ми чудо. Јас сум висок; странците му веруваат на моето лице.

„И ќелав е“.

Нема награда ниту за тој обид - и јас сум ќелав.

„Тој е учител, работел во образованието. Сака чамци; со весла. Дали сега ми верувате?“

Опа! Мојот дедо беше учител и директор за воспитување, но и првак во веслање. Некои од моите најубави моменти ги поминав како тинејџер во чамец со тој силен, умен, побожен човек, разговарајќи за тоа што е најважно во животот.

Во тој период речиси воопшто не бев заинтересиран за Бога, но тој секогаш нежно ме охрабруваше да не го отфрлам христијанството и јас, всушност, неколку години по неговата смрт, ја открив христијанската вера. Но, како оваа жена знае за мојот дедо? Никогаш не сум ја сретнал, и ова беше моја прва посета на нејзиниот град кој е илјадници километри оддалечен од мојот дом. Гледајќи дека сега навистина го привлече моето внимание, ми рече: „Твојот дедо има порака за тебе. Тој вели да продолжиш да ја бараш вистината и дека ќе ја надеш“. А потоа си замина; нејзината работа беше завршена.

Тоа ми изгледаше убаво, и јас во целост имав намера да останам отворен и да продолжам да трагам по уште поцелосна вистина. Меѓутоа, во таа црква всушност наидов на две стари лаги.

Прво, нивно мото беше: „Нема смрт. Нема мртви. Тие учеа дека луѓето кои умираат директно продолжуваат да живеат „од другата страна“, и оттаму бдеат над нас. Истата мисла ја прочитав во старата библиска приказна за Адам и Ева, каде што змијата им вели: „Нема да умрете“. Тоа е во директна спротивност со она што Бог го кажал: Ако бидете непослушни на Божјата волја, „сигурно ќе умрете“.[1] Библијата често ја повторува таа важна мисла дека луѓето се смртни, дека смртта е „плата“ или последица на гревот, а дека вечниот живот е возможен само како „дар од Бога“ преку Исуса Христа.[2]

Второ, тие велат дека, откако моето тело ќе умре, мојата душа станува дел од Бога. Сè што треба да направам во овој живот е да развијам мал дел од Бога во мене. Јас сум добар! Во мене е божеството! Можам да бидам горд на себе! Тоа беше ласкаво, но знам дека тоа не е вистинската слика за мене. Јас имам добри особини, но умеам да бидам себичен, нељубезен и неразумен. Знам ненамерно да ги повредам луѓето кои ги сакам. Се борам со недостатоци во мојот карактер. Христијанството тоа го објаснува кога ми кажува дека сум создаден според Божјиот лик, но исто така и дека имам паднатата природа. Јас не сум ракотворен бог. Знам дека однатре сум несовршена личност на која ѝ е потребна милост, болен на кого му е потребен доктор, виновник на кого му е потребно проштавање, грешник на кого му е потребен Спасител. А потоа се сетив што уште змијата ѝ рекла на Ева: „Па ќе станете како богови и ќе знаете што е добро а што зло“.[3]

Библијата јасно опоменува дека не смееме да се обидуваме да стапуваме во контакт со пријателите и роднините кои се умрени.

**ОКУЛТНОТО СО СИТЕ ВОЗБУДУВАЊА КОИ ГО СЛЕДАТ, ГИ ПРИВЛЕКУВА ЛУЃЕТО СÈ ПОВЕЌЕ ДА СЕ ИНТЕРЕСИРААТ ЗА ТЕМНАТА СТРАНА.**



©www.istockphoto.com/Petchjira

Библијата ни упатува мошне јасна опомена дека не треба да се обидуваме да стапуваме во контакт со пријателите и роднините кои се умрени. Таа ни забранува да бараме совет од „вражач, со оној кој гата според ѕвездите, кој гата според птиците, урочник, бајач, кој се договара со зли духови, опсенар и кој ги прашува мртвитè“. Таа вели дека таквите работи „се гад пред Бога“. Бог кажува дека ќе зборува со нас преку пророците, ставајќи ги своите зборови во нивната уста.[4] Според тоа, Бог многу јасно ни кажува на кои начини ќе зборува а на кои нема. Окултната духовност е неверојатно популарна. Таа се рекламира преку забавната индустрија, како, на пример, серијата филмови за *Хари Потер, Магии, Шепнувач на духовите, Медиум, Натприродно, Даровит човек* и многу други. А и некои музички групи се сатанистички.

И луѓето веруваат во тоа. Една студија открила дека 88% од британските деца имале искуства со една или со повеќе окултни сеанси. Околу 90% од Британците веруваат во некои аспекти на паранормалното; само 2% од читателите на *Тајмс* се отворено скептични. Околу 40% од возрасните Американци веруваат дека имале контакт со некој умрен.

Зошто? Од љубопитност. Поради духовна глад. Од желба за поголема лична моќ. Еден новинар рекол: „Мнозина ова зголемено интересирање за духовното го припишуваат на материјализмот и опсесијата за моќ; наместо да се свртат кон помалку возбудлива религија, духовно гладните... се вртат кон окултното кое ветува моќ и возбуда“.[5]

Црквата можеби повремено ги истакнувала правилата и традицијата, но занемарувала на луѓето да им укаже на динамичната вера во живиот Бог, вера која го менува животот. И токму затоа тоа останало во сенка. Еден христијански водач рекол: „Мислам дека се наоѓаме во голем духовен вакуум. Црквата во голема мера ја изгубила својата улога во духовното водство. Материјализмот се вкоренил и многу луѓе сфаќаат дека таквата состојба не може да ги задоволи... Се истражуваат алтернативни облици на духовното искуство и окултното, со сите возбудувања кои го следат, ги привлекува луѓето сè повеќе да се интересираат за темната страна“.[6]

А темната страна станува сè поочигледна. Социјалните работници и психолозите известуваат дека „окултурата“ може да биде поврзана со депресијата, а младите кои експериментираат со спиритизмот, тарот картите (а тоа значи да се биде под водство на духови) и со црната магија можат да се чувствуваат бедно, изгубено, вознемирено и обесхрабрено, а да не знаат зошто. Во најтешки случаи може да дојде до заокупираност со смрт и самоповредување. Медиумските извештаи постојано се зголемуваат: малолетни членови на сатанистички култ во Германија задавиле петнаесетгодишен врсник. Четворица сатанисти во Грција, вклучувајќи и една осумнаесетгодишна девојка, го признале убиството на четиринаесетгодишно девојче и дека планирале уште човечки жртви. Истрагата на Министерството за здравство во Велика Британија документира случаи на ритуална злоупотреба на деца. Овие работи звучат екстремно и неверојатно за луѓето кои ја виделе само наивната страна на окултното, но колку повеќе луѓето читаат и се задлабочуваат во окултното, темната страна станува сè повидлива, а како последица на тоа се јавуваат страв, депресија и чувство на заробеност.

Исус луѓето ги предупредувал љубезно, но мошне отворено: „Пазете се од лажните пророци, кои доаѓаат кај вас во овча облека, а внатре се грабливи волци. Ќе ги препознаете според нивните плодови“.[7] Тој рекол дека „ќе измамат мнозина“, делумно и затоа што ќе можат да „покажат големи знаци и чудеса“.[8] Според тоа,

## БОГОВИ КОИ НЀ ИЗНЕВЕРИЛЕ

Исус рекол дека тие ќе прават натприродни работи. Но, постојат две страни на натприродното.

Темната страна Исус ја сфатил мошне сериозно. Тој наидувал на луѓе опседнати со зли ангели. Еднаш се соочил со два екстремни случаи – малоумни насилни мажи, кои се повредувале себеси и им се заканувале на другите, немоќни да се контролираат, врескајќи во бес. Исус им се обратил на сатанските духови што ги опседнале овие луѓе, и еден од нив рекол: „Легион ми е името; бидејќи сме многу“ (Марко 5,9). Во римската војска легионот се состоел од околу 5000 луѓе. Ова покажува дека сатаната има војска од паднати ангели, кои својата омраза кон Бога ја покажуваат на тој начин што го уништуваат она што Бог најмногу го сака - човечките суштества. Исус ги истерал демоните и овие двајца мажи повторно станале здрави и среќни – а тоа е доказ за Божјата надмоќ над темната страна, доказ дека Бог е добар и копнее да нѐ исцели и да ни донесе мир.

Едно е општото чувство на духовност, но вистината може да биде сосема поинаква. Библијата дава јасен тест за проверка на чија страна е некој пророк: „Секој дух кој признава дека Исус Христос дошол во тело, од Бога е“.[9] „Законот и сведоштвата барајте ги. Ако некој не зборува така, тој ја нема светлината“.[10] Тоа значи дека вистинскиот пророк ќе зборува за Исуса и ќе биде во согласност со она што го кажува Библијата. Забележав дека спиритистичката црква тврди дека Исус бил голем човек кој учел за она во што тие веруваат, но тие не Го признаваат како отелотворен Бог. Секој сака да каже дека Исус се согласува со нив, но разликата се согледува со внимателно проучување на Библијата.

Јас не сум светец, но можам да кажам дека мојата поврзаност со Исус е огромен извор на охрабрување, ме насочува, ми носи предизвици и едноставно радост и мир.

Пронајдов една вистина во спиритистичката црква – дека дури и фини луѓе можат на привлечен начин да ги прикажат лагите, но тоа и понатаму се лаги. Јас од две причини знам дека не ми се обрати мојот дедо. Тој секогаш моето внимание го насочуваше на Исуса и на библиските вистини. И дека тој сега се одмора во Бога и го чека воскресението кое ќе се случи во последниот ден. Едвај чекам да ја видам таа насмевка на неговото лице кога ќе ме види воскреснат.

[1] 1. Мојсеева 2,16–17; 3,1–5.
[2] Види Римјаните 6,23.
[3] Битие 3,5.
[4] 5. Мојсеева 18,10–22.
[5] Rachel Storm, *The Independent.*
[6] Mike Morris of Evangelical Alliance.
[7] Матеј 7,15.16.
[8] Матеј 24,11–24.
[9] 1. Јованово 4,2.3.
[10] Исаија 8,20.







©www.istockphoto.com/courtneyk

# Можеме ли да го запознаеме Бога?

Почнувам да го запознавам Бога.

Се надевам дека тоа не звучи арогантно, бидејќи тоа всушност е многу понижувачко. Некому тоа може да му звучи и глупаво – но дозволи ми да ти раскажам еден настан, па ти тогаш одлучи.

Возејќи ја мојата Тојота од гаража, слушнав врисок на бебе и почувствував крцкање на мали коски под моите тркала. Закочив предоцна и потрчав кон задниот дел на автомобилот, а таму лежеше Маркус, нашето седумнаесетмесечно бебе, прегазено, умирајќи во локва крв.

А потоа се разбудив сиот преплашен.

Погледнав во темната спална соба и ја видов својата жена како спокојно спие, додека дигиталниот часовник со своите блескави црвени знаци покажуваше 3:19 по полноќ. Како што ноќниот кошмар бледнееше, реалноста никогаш подобро не ми изгледаше. Дишејќи како да сум трчал спринт 100 метри, почнав тивко да разговарам со Бога. Го замолив за грижа и заштита над моето семејство. Конечно моето дишење забави и јас потонав во сон. Се разбудив доцна изутрина, појадував набрзина, мислејќи за говорот кој требаше тоа утро да го одржам в црква. Бев премногу сосредоточен на тоа за да можам да се сетам на својот сон. Мојата задача беше да ги сместам децата во автомобилот додека Карла ги подготвуваше торбите со шишенца и потребните работи кои ќе им требаат на децата во текот на денот надвор од домот. Но гаражата беше мала и претрпана со книги, така што автомобилот секогаш го вадев надвор пред децата да влезат во него. Зои беше со својата мајка, а јас го заклучив Маркус во трпезаријата и се упатив кон автомобилот.

Седнав во автомобилот со менувачот поставен во рикверц, со спуштена рачна кочница и одеднаш таа сцена ми се виде позната – се сетив на мојот сон. Но, Маркус беше на сигурно – лично го заклучив во трпезаријата пред дваесетина секунди. Но, за секој случај, ги проверив трите ретровизора, а потоа ја извадив главата и погледнав низ задниот прозорец. Ништо. Побрзај!

Сепак, сè уште нерешително, седев таму со желба да ја тргнам ногата од кочницата и да ја притиснам педалата за гас. Дали мојот сон беше од Бога? Или можеби станав премногу загрижен родител? Ааах, ќе задоцнам! Го погледнав часовникот онака фрустриран – а потоа сепак излегов од автомобилот.

А таму, зад задното десно тркало спокојно си седеше моето мало синче. Си играше со мечето и со своето мало црвено автомобилче.

Ме здогледа и возбудено извика: „Тато! Автомобил! Автомобил!“

Го подигнав и нежно го зедов в прегратка, иако не беше тој оној на кого му беше потребна прегратка. Не сум сигурен дали тогаш воопшто дишев.

Како ли само стигнал тука? Низ затворената внатрешна врата, низ дневната соба, низ заклучената влезна врата, низ вратата со мрежа, преку камената предна веранда со нерамна површина, а потоа ползејќи стасал тука и, без да го забележам, седнал под отворената автоматска врата од гаражата. Воопшто не насетував дека тој е способен за еден таков худински потфат, а сето тоа се случи за помалку од половина минута.

Што следно би направил откако би сфатил дека не си го убил сопствениот син? Го зазрзав со појасот на неговото седиште и продолжив како ништо да не се случило, иако не беше така. Занемев. Сиот бев исцрпен. Некако механички му се заблагодарив на Бога, ја зедов и ќерката, ја седнав на нејзиното седиште и ја врзав со појасот.

Кога ми се придружи мојата сопруга, еден дел од мојот мозок ѝ кажа што можеше да се случи. Бев емотивно отапен – класичен машки механизам за соочување со проблем. Подоцна во денот, им раскажав на луѓето што се случи, но тоа сè уште ми личеше на туѓа приказна од некоја книга.

Толку многу сум слушал за чуда. Некои ми ги кажуваа луѓе кои ги сметав за малку будалести; некои ми ги раскажуваа добронамерни луѓе кои ми изгледаа занесени од верата, што го напуштиле секое критичко размислување. На пример: „Бог двапати ме исцели од рак“. Навистина? Што мисли вашиот доктор за тоа? Не сакам слепо, ирационално верување, и тежнеам да бидам внимателен кон ваквите тврдења.

Јас не гледам чуда секој ден. Не настојувам да ги гледам и не чувствувам дека ми се потребни. Јас сакам рационална вера, а секако не оној вид на еуфорија „Бог ми праќа порака преку гледање во шолја“. Верувам дека Бог може да прави чуда или привремено да ги „прекрши“ природните закони коишто самиот ги поставил. Библијата зборува за чудата. Скептиците велат дека е смешно што сите чуда се случувале пред постоењето на камерите кои би ги снимиле, но ако и денес се случуваат чуда, тие и понатаму би можеле да тврдат дека тоа се специјални ефекти. Верувам дека Бог сè уште дејствува и интервенира, но дека повеќето Божји дарови доаѓаат тивко, преку природни механизми кои Создателот изворно ги воспоставил. Затоа му благодарам на Бога за храната, иако не паѓа од небо како мана (за значењето на зборот мана види 2. Мојсеева 16,31; заб. прев.).

Во случајот со Маркус не успеав да најдам природно објаснување. Повеќето луѓе имаат соништа кои не се исполнуваат, и ние веројатно се сеќаваме само на оние кои се исполниле. Психолозите велат дека повеќето луѓе секоја ноќ сонуваат, но јас обично не помнам што сум сонувал, а и да помнам, не би ги зел соништата премногу сериозно: мислам дека преку повеќето соништа мојата потсвест го чисти домот или ја средува архивата. Мојот ум можел да го проектира тој сон во кое било време, но тоа не го направи порано. Зошто тоа се случи токму таа ноќ. Колкава е веројатноста?

Можам само да заклучам дека Бог комуницираше со мене. Ќе го употребам зборот чудо. Наречете го тоа помало чудо кое се случило во некое предградие, ако така сакате, но мене тоа несомнено ми покажува дека постои Бог кој ја гледа иднината и го сака мојот син. Мојот ум е убеден во тоа, и истото попладнe

ИМА МНОГУ РАБОТИ ЗА БОГА КОИ НЕ МОЖАМ ДА ГИ ОБЈАСНАМ.


©www.shutterstock.com/Pressmaster

моето срце конечно доживеа олеснување и благодарност, придружено со книжното марамче кое ги собираше моите солзи.

Но сепак, не е лесно да се објаснат чудата. Тие поттикнуваат исто толку многу прашања како и одговори. Зошто тоа ни се случи токму нам, додека во светот има толку многу деца кои страдаат? Истата седмица посетивме во болница едни наши пријатели кои тукушто изгубија мало дете од ужасна болест. Децата на други наши пријатели израснаа во деструктивни личности чиј живот беше трагичен и упропастен. Како ним да им ја раскажам оваа приказна?

Зошто ние доживеавме чудо? Како Бог бира кога да интервенира?

И што би се случило ако Бог тој ден одлучел да не направи чудо? Дали и понатаму би му верувал?

Чудата не го отстрануваат секој сомнеж. Читајќи ги библиските приказни за чудата, се појавуваат луѓе кои јадат леб и риба или се исцелени – па сепак го напуштаат Исуса кога Тој се обидува да им даде поука која пред нив поставува поголем предизвик. Ги гледаме Израелците како робови ослободени од најголемите копнени војски на тоа време, како јадат мана и уживаат во заштитата од столбот од облак кој ги следел дење и ноќе – но сепак се побуниле против Мојсеја, кој им се обраќал во Божјо име. Кога луѓето барале чудесни знаци за да поверуваат, Исус тоа го одбил велејќи им дека единствениот знак што ќе го видат ќе биде Неговото учење и Неговата смрт (види Матеј 12,38-40, Јован 30-36).

Исусовото учење? Исусовата смрт? Ова можеби звучи доста скудно, но што ако тоа е најдобриот начин на кој Бог може да комуницира со нас? Што ако Бог на тој начин вели: „*Умирам* од желба да те запознаам – буквално. *Умирам* од желба да бидеш со мене засекогаш“. Тоа би ја открило неверојатната љубов.

Животот и смртта на Исуса Христа претставуваат Божја најголема објава. Колку подобро го сфаќам тоа, толку подобро ја согледувам Божјата правда и добрина. Ранохристијанскиот проповедник Павле забележал дека во негово време „Евреите бараат некакви чуда, а Грците бараат своја 'мудрост', но ние го проповедаме Христа и тоа распнатиот – скандал за Евреите а безумство за Грците; но за оние кои се повикани (и Евреи и Грци), крстот го открива Христа како Божја сила и Божја мудрост“ (1. Коринќаните 1,22-24, парафразирано).

Постојат многу работи во врска со Бога кои не можам да ги објаснам. Не можам секогаш да ги оправдам Неговите активности или неактивности во вселената, но нема да му дозволам на моето ограничено знаење да ме спречи да не уживам во она што го знам или да ме спречи да немам доверба во Божјата добрина, и покрај разбранетиот и превртлив живот. Впрочем, со тоа што станал човек, водел примерен живот и умрел за гревовите на светот, Бог го надминал секое чудо.

Јас не знам сè за Бога и не го очекувам тоа, како што не очекувам ни пеперутката да ги разбере моите мисли и чувства. Би можел да поминам цела вечност обидувајќи се да ја сфатам таа толку фасцинантна повеќеслојна личност, и имам таква намера: тоа ќе биде бескрајно интересно. Јас можеби не знам ни 1% од 1% од 1% за Бога, но знам доволно за да сфатам колку е добар и колку ме сака. „Тајните работи му припаѓаат на Јехова, нашиот Бог, но работите кои ни се откриени ни припаѓаат нам и на нашите деца засекогаш" (5. Мојсеева 29,29).

## ЦИТАТИ

„Бидејќи човекот не е способен да живее без чуда, самиот ќе си обезбеди чуда. Ќе верува во враџањето и бапските магии, иако е можеби бунтовник, еретик и безбожник".

*Фјодор Достоевски, Браќа Карамазови*

„Вистинскиот реалист, ако е неверник, секогаш ќе најде во себе сила и способност да се сомнева во чудесното; а ако се соочи со чудо како неспорен факт, тогаш тој порадо ќе се сомнева во своите сетила отколку да го признае чудесното".

*Фјодор Достоевски, Браќа Карамазови*

„Постојат само два начина на кои можете да гледате на својот живот. Едниот е - како ништо да не е чудо. Вториот е како сè да е чудо".

*Алберт Ајнштајн*





©www.istockphoto.com/LuminaStock



# Како завршува твојата приказна?

Јаков Броцки бил срамежливо момче, син на руски Евреин, сопственик на книжарница. Речиси откако памети, тој бил длабоко вљубен во девојката Лили, друштвена, забавна и енергична Французинка.

Кога неговиот татко умрел, тој ја презел книжарницата и се оженил со својата симпатија, вселувајќи ја во стан зад книжарницата. Тој го сакал својот живот окружен со книги. Бил најсреќен кога бил сам со нова книга и со своите мисли или кога тивко разговарал со некој љубител на книги.

Лила била преубава, ведра и со авантуристички дух. Животот над книжарницата ја убивал. Таа сакала да излезе и да го види светот.

Се обиделе да направат компромис. Тој одел со неа на забави, но би завршил во некое ќоше досадувајќи се и посакувајќи да е во својата работна соба. Таа понекогаш останувала дома со него, но не можела долго да чита и молчи, а знаела дека нему повеќе би му годела тишината. Седела така чувствувајќи се глупаво и копнеејќи за разговор. И тогаш се договориле таа да оди на забави, а тој да останува дома.

Една вечер Бороцки ја видел како ги пакува куферите. Запознала друг маж кој ѝ кажал дека е убава, дека прекрасно пее и ја повикал да се придружи на неговата водвилска дружина на турнеја низ Европа. „Жал ми е", му рекла нежно бакнувајќи го в образ.

Броцки бил скршен. Љубовта на неговиот живот го напуштала нивниот дом.

Кога си заминувала, ѝ го подал клучот од книжарницата велејќи ѝ: „Задржи го ова. Еден ден ќе сфатиш дека твојата љубов не е помала од мојата и нема да можеш да ѝ побегнеш. Ќе се вратиш, а јас ќе те чекам".

Додека нејзиното такси се оддалечувало, тој стоел тажно гледајќи низ снегулките што паѓале.

Тој емотивно се повлекол во малиот свет на својата книжарница. Се оддал на читањето како што некои луѓе се оддаваат на пиењето. Можеби тој ја заклучил вратата на своето срце и живеел само во своите мисли, обидувајќи се да ја избегне болката.

Станал славен поради своето неверојатно знаење. Било доволно само муштеријата да

промрмори некој детал од заплетот во некоја книга и тој би го довел до полицата, би ја зел книгата и со својот тажен поглед учтиво би му ја предал. Поминале така петнаесет години, а тој живеел во своите мисли (ако тоа воопшто може да се нарече живот).

И еден ден, по многу години, за време на божиќните празници, Лила се вратила. Кога преубавата средовечна жена ја отворила вратата и влегла во книжарницата, Броцки бил во својот свет и очигледно било дека не ја препознал. Таа била вџашена, но се воздржала.

„Можам ли да ви помогнам?" прашал учтиво но отсутно.

„Ах, да, потребна ми е една книга, но го заборавив нејзиниот наслов", почнала таа. „Се работи за двајца млади вљубени од детството, кои многу се сакале. Се венчале и живееле во станот над книжарницата. Но жената била амбициозна и го напуштила сето тоа за да го оствари својот сон. Имала блескава кариера, но го сочувала клучот што ѝ го дал тој, зашто знаел дека, кога ќе ја исполни својата амбиција, таа ќе му се врати. Од сите други мажи што ги познавала, никој не ја сакал како што ја сакал тој".

Неговото лице и понатаму било рамнодушно.

„Хммм," изустил безволно.

„Се сеќавате", рекла. „Сигурно се сеќавате на приказната за Лили и Јаков".

Настанала долга, непријатна пауза. „Ми звучи некако познато. Мислам дека тоа е нешто од Толстој". Потоа се свртел и тргнал кон полицата.

Лила го испуштила клучот и побегнала од книжарницата. Јаков извлекол една книга од полицата, но останал збунет кога забележал дека муштеријата исчезнал.

Дали ти се допадна оваа тажна приказна или се чувствуваш малку измамен и лут? (Ако е така, не


© www.bigstockphoto.com/alenkasm

обвинувај ме мене. Таа е засновано на приказната на Тенеси Виљамс од 1931 која носи наслов „Нешто од Толстој").

Дали очекуваше среќен крај? Дали мислеше дека љубовта ќе надвладее сè Дали мислиш дека реалниот живот ќе биде таков? За тебе? За целиот свет?

Зошто?

Ова е сериозно прашање. Ако мислиш дека правдата ќе преовладее и дека љубовта и добрината на крајот ќе победат, тешко ќе може тоа да се исполни ако не веруваш во Бога (или во Судбината, што може да биде Бог под друго име).

Приказните ни зборуваат многу за нашите најдлабоки верувања. Филм без среќен крај најверојатно би доживеал неуспех во американските кина. Филмскиот теоретичар Роберт Мек Ки вели: „Холивудските филмаџии тежнеат да бидат големи (некои би рекленалудничаво) оптимисти кога станува збор за промените на животот – особено на подобро". Наспроти тоа, многу француски уметнички филмови „се претерано (некои би рекле постмодернистички) песимистични кога се во прашање промените", обидувајќи се да изразат „залудност, бесмисленост или деструктивност". Овие два стила на раскажување се поттикнати „од двете дијаметрално спротивни гледишта за животот".[1] Американската култура ја обликувале бројни христијански и еврејски доселеници, со нивните верски претстави за крајот на животот – како неопишано среќен крај на Небото. Во меѓувреме, во Франција преовладувала силната струја на атеизмот, во која среќниот крај воопшто не е сигурен.

Реалноста е студена и груба. Ако Бог постои и ако веруваш во него, тогаш, колку и да е животот тежок, ќе доживееш среќен крај. Ако Бог не постои, тогаш никој не може да ти гарантира среќен крај. Твојот живот може да биде тажен, бесмислен и краток, па дури и ако е долг и среќен, тој на крајот ќе заврши со смрт и со вечен губиток. Можеш да јадеш, да пиеш, да изгледаш привлечно, да уживаш во своето тело и во туѓите", но утре ќе умреш.

Па сепак, до неодамна Холивуд гледал во темнина создавајќи морничави филмови кои се сосредоточувале на страшни искуства.

**ДАЛИ ОЧЕКУВАШЕ СРЕЌЕН КРАЈ? ДАЛИ МИСЛЕШЕ ДЕКА ЉУБОВТА ЌЕ НАДВЛАДЕЕ СЕ? ДАЛИ МИСЛИШ ДЕКА РЕАЛНИОТ ЖИВОТ ЌЕ БИДЕ ТАКОВ? ЗА ТЕБЕ? ЗА ЦЕЛИОТ СВЕТ?**

ДЕЛО ТВОРЕН БОГ
connect

Сè уште има мноштво весели романтични комедии напишани според познатиот шаблон, но многу филмови не ни нудат утешен дизниев крај. Некои критичари велат дека настанот на 11 септември ја сменил американската бајка. Други велат дека само се обидуваат да ја изненадат и да ја скршат формулата за традиционално среќниот крај. А можеби денес сè помалку Американци веруваат во Бога и сфаќаат оти тоа значи дека немаат загарантиран среќен крај? Порано публиката сакала среќен крај во согласност со јудео-христијанската вера, која ја обликувала нивната земја. Ги сакала специјалните ефекти на магичниот реализам кои се, во суштина, чуда без Бога. Сепак, тоа е логички невозможно, дури и со куп волшебна прашина во фабриката на соништата.

Без Бога нема гаранција за среќен крај. И можеби филмовите нè предупредуваат на таквата мрачна реалност.

Приказните се важни за начинот на кој луѓето размислуваат.[2] Приказните се во центарот на нашите вести, забавите, правниот систем и историјата, и можеби го откриваат наративниот софтвер во човечкиот мозок.За сопствениот живот ние размислуваме преку приказни – освен ако привремено не сме ја „изгубиле фабулата".

Нешто што најмногу ме привлекува кај верувањето во Бога е тоа што ѝ дава смисла на мојата животна приказна. Ме уверува дека постои некоја поента на мојата приказна. Колку и да бидат работите депрасивни во третиот чин, таа ми гарантира среќен крај. А во продолжение – верата во вечен живот значи дека мојата приказна никогаш нема да се заврши и дека никогаш нема да ми недостигаат предизвици и фасцинантни ликови што ќе ги запознавам.

Без Бога ти ги следиш своите соништа, наоѓаш љубов, учиш полезни работи, се спознаваш себеси и растеш како личност, развивајќи го својот карактер, и имаш толку многу да понудиш – а потоа умираш. Точка. Сето тоа е изгубено и нема никаква смисла. Изгледа дека нешто длабоко во човечкото битие се бунтува против ова.

А што е со правдата? Дозволи ми да ти раскажам едно филмско сценарио. Млад политичар ги поразува своите непријатели, ги осудува на смрт, убива милиони сонародници во граѓанска војна и станува водач на својата земја. Тој крие милиони долари во тајни фондови на тајни банковни сметки и живее како принц, додека неговиот народ гладува. Тој ја праќа војската да го убие секој оној што е незадоволен. Најпосле му ја предава власта на својот син и умира во сон. Овој филм би можеле да го снимиме во Романија, во Африка, во Северна Кореја... Што мислиш за тоа? Всушност, мене не ми се допаѓа. Зар ти не посакуваш тој диктатор да биде изведен пред лицето на правдата, наместо да замине во својот гроб смеејќи се што ја избегнал? Ако ја мразиш таквата неправда, колку би било праведно кога реалниот живот би бил таков? Ние како да сме програмирани да разликуваме што е исправно а што погрешно и да очекуваме правдата да преовладее. Но, единствената работа која на ова верување му дава смисла е постоењето на Бога.

Ова апсолутно не докажува дека Бог постои, но верата во Бога сигурно ѝ дава смисла на големата животна приказна.

---

[1] Robert McKee, *Story: Substance, structure, style and the principles of screenwriting* (London: Methuen, 1999.), str. 59.

[2] Vidi Helen Fulton, Rosemary Huisman, Julian Murphet i Anne Dunn, *Narrative and Media* (Cambridge: Cambridge University Press, 2005.).

# ИМА ЛИ ПРИЧИНИ *за да веруваме?*

Некои луѓе сметаат дека верата е поврзана само со емоциите, суеверие кое се спротивставува на логиката и на доказите.

За мене верата го вклучува разумот. Не можам да докажам дека Бог постои (и не би сакал да присилувам некого да верува) но мислам дека постојат логични патокази кои укажуваат на Неговото постоење. Ќе ви раскажам два такви патоказа кои за мене се мошне интересни?

## >> > НАСЕЛЕНА ПЛАНЕТА


©www.istockphoto.com/cemagraphics

Вселената не е пријателско место за живиот човек. Таа има екстрамни температури, смртоносни зрачења, нема кислород, а има и огромни планети кои можат да нè смачкаат со својата гравитација. Но, еве нè тука како уживаме во животот на нашата мала сина планета. Колку повеќе астрономите трагаат по живот на другите планети, толку повеќе согледуваат дека постојат безброј фактори кои се потребни за да се остварат условите на земјата во кои ние денеска уживаме.

На прво место, ние сме на прецизна оддалеченост од Сонцето. Венера е поблизу и има во просек 460 °С! Марс е подалеку од нас и сиот е во лед. Само 2% отстапување и ние би умреле.

Земјата се врти со најсоодветна брзина. Спореди го сиромашкиот стар Меркур кој е поблизу до Сонцето, но на чија темна страна температурата изнесува -185 °С бидејќи ротира бавно. Среќни сме што имаме изедначени температури и темнина за спиење - барем на поголемиот дел од планетата (поздрав до Исланд!).

Многу планети имаат долги и бавни орбити, па се вријат кога се блиску до ѕвезда, а замрзнуваат кога се далеку од неа. Нашата орбита има речиси совршен кружен облик.

Кога нашата планета би била пет пати поголема и ние би биле пет пати потешки! Среќно со станувањето од кревет или со пумпањето на крвта од нозете до срцето!

Земјеното магнетно поле е толку силно колку што е потребно за да нè заштити од опасните зрачења на соларниот ветер, од струењето на електрично набиените честички кои потекнуваат од тие огромни нуклеарни експлозии од ѕвездата која ние ја нарекуваме Сонце. Уф!

Јупитер е како голем рагби играч кој го попречува патот на астероидите кои би можеле да нè збришат.

Би можеле да наведеме уште многу други фактори. Астрономот Хју Рос[2] опишува 140 работи кои мора да се поклопат за да се појави живот, и 922 работи кои овозможуваат да има живот на нашата планета. Открил дека веројатноста сето тоа едновремено да се вклопи е 1 спрема $10^{311}$. Тоа изгледа малку, но тоа е бројот на атоми во познатата вселена помножен со бројот на атомите во познатата вселена помножен со сто милиони милијарди милијарди милијарди милијарди милијарди милијарди милијарди.

Дали си среќен што си жив? Можеби најдобриот збор е благословен.

>> >


©www.istockphoto.com/cosmin4000

## ДНК

Нашата ДНК се користи со хемиски „букви“ за детално да ги „објасни“ плановите за сите процеси во нашето тело. Постојат две главни приказни како сето тоа започнало.

Едната вели дека тоа настанало случајно: го придвижиле мутации, а природната селекција одбрала што ќе остане.

Другата вели дека тој состав Бог го осмислил и го дизајнирал.

Но, ајде да размислиме за случајното испишување.

Дали твојот мобилен некогаш отчукува бизарни СМС пораки кога е во твојот џеб? Мојот понекогаш го прави и тоа. Да си замислиме дека мојата сопруга Карла го открива мојот мобилен телефон и во него наоѓа испратена порака во која пишува: „Те сакам, Медлина!“ Јас ѝ велам дека мобилниот случајно сам го отчукал тоа, и таа сега почнува да пресметува колкава е веројатноста за тоа да се оствари. Во нашата азбука има 31 буква, но за полесно да ги запомниме бројките, тој број можеме да го заокружиме на триесет. Значи, за да настане буквата „Т“, веројатноста е 1 спрема 30. По таа буква да следи „е“, веројатноста е 1/30 x 1/30 = 1 спрема 900. По „е“ следи растојание - па тоа би било 1/30x1/30x1/30. Тоа е веројатност од 1 спрема 27 000.

Веројатноста сам да се отчука зборот „сакам“ е 1/24300000 (шансата да се добие на Националната лотарија во Велика Британија е проценета на 1/14 милиони).

Да се отчукаат сами првите 10 букви од оваа порака, шансите би биле 1 во 590 милиони милиони. А целата порака да се отчука сама, веројатноста би била 1 во 349 илјади милиони милиони милиони.

Дали би требало Карла да ми верува? Не. (Затоа ми е мило што ова е измислен случај и што не знам ниту една жена со тоа име!)

А тоа се само 13 букви. Расел Григ ја пресметал колкава е временската веројатност мајмун случајно да отчука песна од 603 букви, и пресметал дека за тоа би биле потребни: 10,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000,00,000,000,000,000,000,000,000,000,000,000 години.

Само, тука постои еден мал проблем. Тешко ќе најдеш некој научник кој смета дека вселената е постара од 13 700 000 000 000 години (а некои мислат дека е и помлада). Во ред, 13 700 милијарди години е долг период, но тоа е смешно краток период во споредба со времето потребно за песната да настане случајно.

Тоа се 603 букви. Што да кажаме за делата на Шекспир, како, на пример, Хамлет, со околу 130 000 букви?

На интернет постои „Шекспиров мајмунски симулатор“. Почнува со 100 виртуелни мајмуни, при што секој од нив чука 60 зборови во минута. Бројот на мајмуни двојно се зголемува на секои неколку

дена, што ме наведува на сомнежот дека им е потребно некое време да се одморат од чукањето, но тоа ќе го игнорирам. О, тие имаат и бесконечен број виртуелни банани.

Победува оној чиишто виртуелни мајмуни составиле деветнаесет букви од некое дело на Шекспир. Зар тогаш не е прашање на време додека не добиеме некоја нова поема од тој писател? Мал проблем: за споените 19 букви биле потребни 42.162.500.000 милијарди милијарди виртуелни години.

Едноставно нема доволно време во вселената со потенцијал на базилион!

Херберт Кремер (добитник на Нобеловата награда за физика) и Чарлс Кител кажуваат во својата книга: „Затоа, веројатноста да се создаде Хамлет е нула во која било оперативна смисла на тоа случување...“

*Хамлет* да настане со случајно отчукување на буквите? Нема шанси.

Зошто ти го кажувам ова? Хамлет има 130 000 букви. Твојата ДНК има 4 000 000 хемиски букви – ако си бактеријата Ешерихија коли. И да си, од каде ти се мозокот и очите за сево ова да го прочиташ? Врати се во цревата, каде што ти е местото. Но, ако си човечко битие, твојата ДНК има 3,5 милијарди букви.

Дали тоа можело да се појави со случајни процеси? Сериозно, какви се шансите? Особено кога на тоа ќе ја додадете веројатноста нашата планета да биде погодна за живот. Шансите се толку смешно мали што преколнуваат за подобро објаснување. А како би било да го повикаме Бог да ни помогне?

Тешко можело да се најде поскептичен научник од Френсис С. Колинс, бивш директор на проектот „Човечкиот ген“ задолжен за мапирање на ДНК кодот, а сега директор на Националниот институт за здравје во САД. За него ДНК е „Божји јазик“ а генот „Божји мал прирачник“. Тој смета дека неговата вера е во согласност со неговата наука.


**„Најголема потреба на светот** е потреба за луѓе кои не можат ниту да се купат ниту да се продадат, луѓе кои во длабината на душата се верни и послушни, луѓе кои не се плашат гревот да го наречат со неговото вистинско име, луѓе чијашто совест е верна на должноста како магнетната игла на полот, луѓе кои ќе се придржуваат кон правдата макар и небото да се урне.“

Веруваме дека оваа прекрасна мисла ќе ве исполни со копнеж да ја имате книгата „Убавината на карактерот, и читајќи ја да се збогатите со нејзините животни мудрости, градејќи го највредиот украс што еден човек може да го има - убав и урамнотежен карактер!




www.znacinavremeto.mk


¹ Види Paul Davies, The Goldilocks Enigma: *Why is the Universe Just Right for Life?* (London, Penguin, 2007.). Peter D. Ward and Donald Brownlee, Rare Earth: *Why Complex Life Is Uncommon in the Universe* (New York, Copernicus Books, 2000.). Исто и Guillermo Gonzalez i Jay W. Richards, *The Privileged Planet: How Our Place in the Cosmos is Designed for Discovery* (Washington DC, Regnery Publishing, 2004.).

² Hugh Ross, *Why The Universe Is The Way It Is* (Grand Rapids, Baker, 2008.) i www.reasons.org/fine-tuning (симнато на 30 април 2011.). Тој зема во обѕир повеќе варијабли од Дејвис.

³ Изгледите да се освои премија во националната лотарија на Велика Британија се проценува на 1 спрема 14 милиони. *www.bbc.co.uk/dna/h2g2/A2390032.*

⁴ Charles Kittel and Herbert Kroemer, *Thermal Physics* (2. izd.), (W. H. Freeman Company, 1980.), стр. 53.

⁵ Види Francis S. Collins, *Božji jezik* (Zagreb, Profil, 2008.). Д-р Колинс не е обожавател на поновиот креационизам или интелигентен дизајн; тој е теистички еволуционист. Види и *Belief: readings on the reason for faith* (New York, Harper One, 2010.).







# Боже, зошто страдаме?

©www.istockphoto.com/asiseeit

Давид е полубуден бидејќи неговиот син Мајкл не е дома. Мајкл е прекрасно дете, најдобро во своето одделение, капетан во фудбалскиот тим, добар син и брат. Нема причина за грижа. Мајкл е одговорно момче. Тој со своите добри пријатели го прославува завршувањето на училиштето.

Телефонот звони. На линија е полицаец. Дали Давид е сопственик на сребрен автомобил?

Нешто подоцна Давид гледа во респираторниот апарат на кој е приклучен неговиот син, а докторот го известува дека е откриено оштетување на мозокот. Двајцата пријатели на Мајкл се исто така на интензивна нега. Едниот поминал без гребнатинка. Вознемирен е, но кажува дека Мајкл не пиел многу.

Давид во наредните денови живее како во полусон, обидувајќи се само да преживее.

Состојбата на Мајкл се влошува и на крајот умира. Давид останува без збор. Сонцето утре нема да излезе. А и зошто би излегло?

Погребот се одвива во црквата во која Мајкл бил крстен. Младиот свештеник нервозно ги чита зборовите од книгата. Музиката допира нешто во Давида, а тука се и бројните пријатели кои дошле да го прегрнат и да ја споделат со него нивната топлина додека малата сина бедна планета патува сè подалеку и подалеку од Сонцето.

Болничкиот капелан останува уште малку и седнува крај Давида кој плаче и лелека толку силно, што капеланот е загрижен да не му се слоши. Му помага да направи список на практични работи кои треба да се направат.

Во седмиците по погребот тој редовно навраќа кај капеланот.

Во еден од нивните разговори, Давид ќе му се развика: „Каде беше твојот Бог? Имаше ли некои поважни обврски? Или Тој е еден старец кој веќе не е дораснат за задачата?“ Слушајќи се себеси, самиот е изненаден колку е гласен и непристоен, но сега му е сеедно.

Капеланот смирено го слуша, воздивнува, а потоа вели: „Добри прашања“. Но, не се обидува да му одговори. Веројатно не ги знае одговорите. Но, тој го прашува Давида кога последен пат јадел нешто и му купува храна. Давид е збунет. Бог го зеде мојот син, а ми дава кинеска храна.

Со седмици Давид продолжува да навраќа кај капеланот само за мала љубезност и разговор, не заради религијата. Но сепак, очајнички сака да сфати зошто. Тој ќе му каже: „Сè уште не ми одговори на моите прашања. Како можеш да веруваш во Бога? Ти секојдневно се сретнуваш со трагедии“.

Капеланот одговара: „Зошто сакаш да ти зборувам за Бога?“

„Не разбрав добро“, вели Давид. „Мислев дека ти сакаш да ми зборуваш за Бога“.

„Зошто би го сторил тоа?“

„Па, за да најдам утеха во верата и за да бидам способен да разговарам со добриот Татко на Небото и сл. Зар не ми веруваш? Си гледал премногу страдања?!

Капеланот ќе одговори: „Сакам луѓето да се поврзат со Бога и да ја излеат сета своја болка и сите грижи во тие големи раце. Но јас не сакам да ти проповедам“.

„О добро, гледаш, јас тоа го барам од тебе. Проповедај“.

„Добро. Смеам ли да ти поставам едно прашање? Дали мислиш дека си слободен?“

„Молам?“

„Дали си слободен да правиш што сакаш со својот живот? Да сакаш кого што сакаш, некои луѓе да ги сметаш за здодевни и глупави? Да сакаш одредена музика а да мразиш одредени слики? Да го цениш она што тебе ти се допаѓа, да гласаш за оној што ти е симпатичен? Можеш ли да мислиш и да го чувствуваш она што го сакаш?“

„А, да. Јас сум слободен. Сега сигурно ќе ме увериваш дека Бог нè направил слободни и дека ние самите си ги предизвикуваме проблемите“.

„Така некако... дали го контролиравте Мајкл?“

„Не, немаше потреба. Тој беше паметно дете, донесуваше добри одлуки и пред него имаше фантастичен живот. Во ред, знаеше да се скара со својот помлад брат и секогаш доцнеше и брзаше како луд, но тој беше прекрасно момче“.

„На колку години тој стана слободен?“

Давид малку ќе размисли. „Хм, тој најверојатно отсекогаш беше слободен. Кога првпат седна на своето високо столче за јадење, тој имаше добар апетит, иако понекогаш морав да го терам да јаде некои работи, а по првиот залак грашок го искриви своето лице и никогаш повеќе не го вкуси. Независно од тоа дали се лутев, дали се обидував да му го подметнам со компири или си игравме зелен авион како слетува или го казнував - едноставно не можев да го натерам да јаде грашок. Знаевме да водиме трета светска војна околу тоа едно јадење, бидејќи чувствував дека е моја должност да го натерам да јаде грашок. А потоа мојата жена рече: „Зар не гледаш дека детето знае што сака? Мајк е сличен на еден мој познаник“. Прснав од смеа. Тој никогаш повеќе не јадеше грашок. Јадеше грав и сè беше во ред“.

„Значи ја почитувавте неговата слобода“.

„Ја поттикнувавме. Се разбира дека не ја почитувавме кога се работеше за сообраќајот: му поставивме јасни граници за некои работи за кои не сакавме да преговараме, но дури и тогаш му објаснивме зошто го бараме тоа од него и го учевме да ги разликува причините и последиците. Со почитување го насочувавме. Во ред, понекогаш знаев да ги загубам нервите и го терав да прави некои работи, но главно не му ја наметнувавме нашата волја. Ги сакавме изненадувањата што ни ги приредуваше. Во средното училиште се интересираше за различни луди теории за комунизмот, и јас за тоа дискутирав со него, но обично на шегобиен начин, бидејќи ме радуваше што размислува со своја глава. Кој сака програмиран робот, направа која мора да ја туркаш за да направиш нешто?“

„Токму така“.

„Добро, да, а сега ќе кажеш дека тоа ни Бог не го сака. Можеби. Тоа е логично. Но сè што можам да кажам е дека таа слобода скапо го чинела човечкиот род и му донела ужасни страдања. Мајкл ја платил. Јас ја плаќам“.

**БОГ ГИ ПОНЕЛ НАШИТЕ СТРАДАЊА, СИТЕ СТРАДАЊА НА ЦЕЛИОТ ЧОВЕЧКИ РОД, И НАШАТА ВИНА ПОРАДИ ЗЛОУПОТРЕБА НА НАШАТА СЛОБОДНА ВОЛЈА.**


©www.shutterstock.com/luxorphoto

*Кој би го сакал Бога како диктатор?*

„Вистина е“, тажно рекол капеланот. „Жива вистина“.

„Дали тоа толку вреди? Зар Бог не можел повремено да се вмеша и да нè спречи да правиме безумни работи?“

„Можеби. Како Тој би го остварил тоа?“

„Не знам. Да кажеме дека момчето сака да пие и да вози. Би требало да се спушти големата рака... Не, тој тоа би го мразел. Тоа апсолутно би го навредило. Тоа не би бил живот“.

„Ангел кој нежно го запира автомобилот пред да тргне?“

„Можеби...“

„Ајде да го разгледаме тоа. Дали Бог би требало да го спречи диктаторот да започне војна? Секако, но како? Убивајќи го? Кога? Веднаш штом се родил или кога првпат ќе помисли да го измами својот народ? Дали Бог би требало да ги сопре оние што вршат насилство над децата? Како? Така што ќе ги убие? Да ги парализира? Дали би требало да ги спречи родителите да пушат во автомобилот во присуство на децата? Дали би требало да нè спречи да јадеме мрсна храна и да ги уништуваме нашите артерии? Дали би требало да нè спречи кога ќе јадеме сладолед ако имаме некој килограм вишок? Каде би бил крајот на сето тоа?“

„Се разбира. Или си слободен или не си“.

„Така е. А кој би го сакал Бога како диктатор? Верувам дека тоа би било спротивно на Божјата природа. Мислам дека тој ја цени нашата индивидуалност“.

„Точно“.

„И што ако за Бог било речиси невозможно луѓето да ги направи целосно слободни и да гарантира дека ние секогаш ќе се однесуваме разумно, ќе постапуваме правилно?“

„Сфаќам. Не би направиле ништо лошо, но ние не би можеле ни да избереме ништо добро. Кога би се вљубиле и би правеле големи дела од љубов, сето тоа однапред би било програмирано“.

„Така е“, потврдил капеланот. „Сега мора да заминам. Ти посакувам сè најдобро кога утре пак ќе се вратиш на работа. Може ли пред да одам да ти поставам уште едно прашање?“

„Зошто да не? Ми треба нешто за што би размислувал“.

„Рече дека страдањето е цена која сите ние ја плаќаме за слободата. Дали мислиш дека и Бог можел да ја плати таа цена?“

Една седмица подоцна, Давид дува во кафето да го олади. „Ако постои Бог кој нè сака, тогаш Тој ја плаќа цената со самото тоа што нè гледа како страдаме. Секој родител го искусил тоа“.

„Се согласувам“, рекол капеланот.

„И секако, тука се вклопува онаа приказна за Бога кој страда на крстот?“

„Тоа е најголемото нешто за кое знам. Бог ги понел сите наши страдања, сите страдања на целиот човечки род, и нашата вина за злоупотребата на нашата слободна волја. Целосно. Мислам дека Бог сака да ја плати полната цена и еден ден од тоа да нè ослободи. Нè научил да се молиме да биде Неговата волја на земјата, и дека на тоа треба да се радуваме“.

„Па, јас разговарав со Бога. Не од некој молитвеник и не секогаш љубезно. Всушност, викав на Него во еден момент додека го возев автомобилот. Можеби се губам. Можеби се откажал од мене“.

„Тоа е прекрасно“.

„Што? Мислев дека ќе бидеш навреден“.

„Исус се пожалил на крстот: 'Боже мој, Боже мој зошто ме остави?'“

„Значи, добро е да се пожалиш“.

„Искреноста е добра. Дали ти помогна?“

„Па... добро се чувствував“.

## ЦИТАТИ

Ѓаволот измислил казна за сите работи во кои уживаме во животот. Или страдаме со здравјето или страдаме во душата или се здебелуваме.

*Алберт Ајнштајн*

Не им се потсмевајте никогаш на оние што страдаат; тажи понекогаш по оние што се смеат.

*Виктор Иго*

www.brainyquote.com/quotes/keywords/suffer.html

Истражете дополнително:
William A. Dembski, *The End of Christianity: Finding a Good God in an Evil World* (Nashville: B&H Publishing, 2009.).
John Dickson, *If I were God, I'd end all the pain: struggling with evil, suffering and faith* (Sydney: Matthias Media, 2002.).
William Lane Craig, (The Problem of Evil), *www. bethinking.org*



# Што е воопшто добро а што зло?

©www.istockphoto.com/Klubovy

Кога имала пет години, Ајаан доживеала генитално сакатење.

Нејзината баба цврсто ја држела додека човекот што го платила за тој зафат со ножици го отстранувал клиторисот. Потоа Ајаан ја дарувале со подароци и направиле прослава во нејзина чест, па ја учеле дека со тоа треба да се гордее.

Сличен третман доживеале околу 140 милиони девојчиња. Околу 10% од нив умираат набргу по тој зафат поради инфекции, шок или крварење. Во текот на целиот живот можат да се јавуваат компликации како вагинални инфекции, хронични болки, сериозни болки при интимен однос (кој е невозможен кај околу 15% од случаите), потешкотии при мокрење или менструација и компликации при породување – стапката на смртност кај новороденчињата може да биде 55% поголема кај мајките кои претрпеле сериозен облик на такво сакатење. Исто така, можат да се појават и сериозни психолошки нарушувања.

Ајаан смета дека отстранувањето на гениталиите често го прават „жените кои се обидуваат да ги заштитат другите жени од болка поради сомневање дека тие не се девици. Тоа е потрауматично отколку, можеби, физичката болка.... И така на жената ѝ се отстранува клиторисот, останатото се шие и знаете дека таа нема да биде заведена. Тоа е дело на контрола над некого.[2] Тоа не го заповеда Куранот.

Ајаан Хирси Али побарала азил во Холандија, стекнала образование и станала политичар. Таа го привлекла вниманието на јавноста за фактот дека многу доселени девојки и жени претрпуваат генитално сакатење во европските градови или на семејните патувања во нивните матични земји.

Ова поттикнало огромна полемика и сериозно го предизвикало лекоумниот европски либерализам кој се залага луѓето слободно да го прават она што го сакаат. Политички е коректно да бидеш толерантен, особено кон другите култури, без да се суди. Но сепак, дали треба да толерираме нешто што е неприфатливо? Зар не е наша должност да ги осудуваме злосторствата и лошите постапки? Дали културата е изговор за бруталност?

Опасно е да се поставуваат овие прашања. Животот може да ти биде загрозен: Ајаан постојано ја чуваат телохранители. Може да бидеш прогласен за нетолерантен и склон кон осудување.

Модерно е да се каже дека не постојат доброто и злото, туку само она што за вас лично е корисно и прифатливо, и треба само да откриеш што е тоа. Тоа се вика морален релативизам – уверување дека моралот е прилагодлив, а не апсолутен.

Моралниот релативизам звучи како тој да придонесува за добрососедските односи во мултикултуралниот град. Но, ако малку подобро размислиш, ќе согледаш дека постојат очевидни проблеми. Ако кажеш дека не постојат доброто и злото, како можеш да тврдиш дека си во право? И ако не постојат доброто и злото, врз основа на што можеш да кажеш дека гнасните постапки се зло? Треба да бидеш толерантен кон спалувањето на вдовиците, принудниот брак, фрлањето киселина врз лицето на девојчињата затоа што учат да читаат и толерантен кон казнувањето на жените оти направиле „злосторство" бидејќи биле силувани. Некои култури сметаат дека ова е исправно, па кој си тогаш ти за да судиш?

Кој си ти? Ти си човечко суштество кое има чувство за она што е добро а што зло.

Сепак, тука нема ароганција, бидејќи поимите за доброто и злото се поголеми од мене, и тоа останува вистина без оглед дали јас го согледувам тоа или не.

Една чудна работа што ја забележав кај себе е дека понекогаш и самиот знам што би требало да направам, но не го правам. Би требало да посветам поголемо внимание на проблемите на луѓето кои живеат сиромашно, но понекогаш сакам да уживам во тој свој мал луксуз и за тоа наоѓам одлични оправдувања. Зошто е тоа така? Знам што е исправно, но зошто не го творам? Што ми кажува тоа за мене лично? Христијанството би рекло дека имам совест, но и морална слабост, дека во мене се води борба меѓу доброто и злото. И тоа ме повикува да побарам милост и проштавање од Бога за моите погрешни одлуки и постапки и Божја помош за да го изберам доброто.

## КАДЕ ЈА СТЕКНУВАМЕ ИДЕЈАТА ЗА ДОБРОТО И ЗЛОТО?

Младата Ајаан својата моралност ја изградила во своето семејство и во нејзиното општество, но потоа наишла на големи проблеми. Но кое општество може да тврди дека нема слепа морална зона? Староримското, кога мажите обично имале предтинејџерски момчиња за љубовници, рутински задоволувајќи ги своите страсти? Западните земји кои држеле робови и ги злоупотребувале луѓето во своите колонии, кои донесувале расистички закони и ги испраќале своите момчиња во бесмислени војни? Зар на општеството не му се потребни луѓе кои ќе го предизвикаат и ќе станат против она што е погрешно? Затоа ние не можеме да се потпреме на нашето општество како морален компас.

И запомнете, законите ги прават политичарите. Дали се тие секогаш морални? За жал, нашето општество не може да ни обезбеди доволно силна мотивација за да бидеме морални – можеме само да изгледаме морално. Колку пати си ја намалил брзината на автомобилот додека си минувал покрај полициска

камера, а потоа повторно си забрзал? Општеството функционира по принципот секој да внимава на другите, на општествен договор: нема да крадам од тебе, делумно и затоа што не сакам ти да крадеш од мене, па така и двајцата ќе бидеме посигурни. Но некои луѓе наскоро сфаќаат дека тие можат да изгледаат како добри соседи и да крадат, да уживаат почит и заштита од општеството – но и бесплатно да приграбат туѓи работи. Ако имаш можност, со малку ризик, зошто тоа да не го искористиш? Не се однесуваат така само некои политичари. Таа појава се забележува и во животинскиот свет. Однесувањето на животните се сведува на заштита на нивните себични гени, а не на љубов кон својот ближен како кон самиот себе.

Мора да размислиме сами за себе и да го откриеме нашиот сопствен морал, како што направила Ајан Хирси Али. Но кој може да тврди дека е морален пример? Сите ние треба толку многу да научиме; а нашето морално размислување може многу лесно да стане себично: јас сум во право, а ти грешиш.

**ТРЕБА ДА РАЗМИСЛУВАМЕ САМИ ЗА СЕБЕ И ДА ГО ПРОНАЈДЕМЕ НАШИОТ СОПСТВЕН МОРАЛ**

Науката може да ни ги објасни нашите морални одлуки, а медицинската наука има толку многу да ни каже за последиците од гениталното сакатење на жените. Науката е огромен благослов, зашто таа нè поттикнува на логично размислување и нè опсипува со полезна технологија, но таа не може да ни даде моралност. Таа може да ни каже како да направиме нуклеарна бомба, но не може да ни каже дали е добра идејата да имаме таква бомба, да ја употребиме и против кого.

Некои луѓе својата моралност ја изградуваат на верата во Бога. Некои ќе кажат: „Што, залетај се со авион во зграда и ќе бидеш награден така што ќе живееш близу до Божјиот престол со 72 девици со прекрасни очи? Мене тоа ми звучи погрешно". Чесен коментар. Многу религии се злоупотребени, делејќи го светот на „нас" и „нив", и охрабрувајќи нè „нас" да ги мразиме „нив". Некои религиозни заедници се сè само не добри Самарјани. Некои побожни луѓе не се ништо попрефинети во своето морално размислување, ниту мотивирани да се грижат за сиромашните или за оние кои имаат потреба, од атеистите (иако, да бидеме искрени, многу атеисти порасналe во култури под влијание на религијата и оделе во школи кои поучуваат религиска етика, а и за верата). Како верник, мора да признаам дека постојат овие проблеми, но тие се вообичаени проблеми на сите луѓе: проблеми со човечката природа, а не со Бога.

Но јас не зборувам за религијата.

Јас зборувам за Бога.

Ако постојат морални вистини, тогаш верата во Бога може да објасни како сме дошле до нив. А таа, секако, може да нè охрабри да ги следиме: ти и јас сме Божји деца, затоа кон тебе ќе се однесувам со почит, бидејќи Бог те сака. Јас сум одговорен пред Бога за начинот на кој се однесувам кон тебе. А и јас заслужувам почит и добрина, бидејќи сум Божјо дете. Божјиот Закон учи како да се однесуваме кон Бога и кон другите луѓе за да бидеме среќни. Тоа е резиме за мудро живеење кое на луѓето им носи радост.

Важно е да го избереш вистинскиот Бог.

На неодамнешната одржана конференција за новинари, Ајаан Хирси Али зборувала дека запознала многу муслимани кои ја отфрлиле својата религија, но им недостасува верата во вечниот живот, и се чувствуваат тажни што се осамени и што не ги води небесниот Татко. Ајаан е атеистка, но на луѓето на кои им недостасува Бог, таа им препорачува да се обидат со христијанскиот Бог, кој е полн со љубов и пријателски настроен. „Современиот христијански Бог е синоним за љубов. Неговите претставници не проповедаат омраза, нетрпеливост, неслога; тој Бог е милостив, не бара државна власт и не гледа конкуренција во науката... Христијанството, втемелено на љубовта и толеранцијата, останува еден од најмоќните западни противотрови за... омразата и нетрпеливоста". Таа Исуса Христа го нарекува „привлечна и хумана личност".[4]

Јас ја ценам нејзината великодушна искреност. И мислам дека Бог сака да им даде љубов, вистина и морална свест на сите свои деца, да ги спријатели, без оглед дали тие го признаваат или не.

Бог гарантира дека на крајот доброто ќе го победи злото. Тоа не е загарантирано во џунгла, каде што преживува најсилниот, а не нужно најљубезниот, и каде што посилниот е во право. Исус рекол: „Блажени се кротките, бидејќи тие ќе ја наследат земјата" ( Матеј 5,5). Не агресивната себичност, туку нежната сила и добрина последни ќе се смеат.

[1] Banks, E; Meirik, O; Farley, T; Akande, O; Bathija, H; Ali, M (2006.). "Female genital mutilation and obstetric outcome: WHO collaborative prospective study in six African countries", Lancet 367 (9525): 1835–41.

[2] Alexander Linklater, "Danger woman", *The Guardian*, Tuesday 17. svibnja 2005., *www.guardian.co.uk/film/2005/may/17/religion.immigration*

[3] Таа листа е позајмена од атеистичкиот невронаучник Сам Харис, во *The Moral Landscape*, стр. 42.

[4] Ayaan Hirsi Ali, *Nomad* (Free Press, 2010.), xx.





# НАЈДОБРАТА СТОРИЈА ШТО ЈА ЗНАМ



©www.istockphoto.com/mammuth

Не можев да напишам толку добра сторија.

Замисли да си Бог кој управува со стотици милијарди галаксии, а секоја од нив е окружена со стотици милијарди ѕвезди и планети. Една мала планета се буни и станува база на твојот непријател. Целосно е затруена со состојбата наречена грев, која ќе биде фатална за сите нејзини жители. Дали ќе ја отстраниш и ќе создадеш нова? Не, ти одиш таму лично. Им се обраќаш на луѓето кои сакаат да слушаат, им зборуваш за себе и ветуваш дека ќе дојдеш во вистинско време за да го решиш нивниот проблем.

И подоцна навистина стануваш еден од нив, беден Земјанин. Се раѓаш во век пред да биде пронајден лек против забололката и пред изумот на средствата за масовна комуникација. Не сакаш да ги преплашиш и затоа живееш како еден од нив. Се имплантираш во ембрионот на млада селска девојка (со нејзина дозвола), но тоа завршува речиси со солзи: никој не го прашува нејзиниот иден сопруг, а тој знае дека тоа дете не е негово и затоа ја напушта. Но тогаш ангел му вели дека тоа е Божјо дете и дека треба да се ожени со неа. Всушност, каков бил тој како татко? Дали разбрал барем еден процент за тебе?

Ти се раѓаш во штала. (Нема розово обоено породилно одделение). Во тој град имаш десетина роднини, но тие не ја повикуваат твојата мајка да дојде кај нив бидејќи нејзината предбрачна бременост ја сметаат за скандалозна, а ќе те викаат копиле сиот живот. И така религијата погрешно го проценува самиот Бог.

Се раѓаш како Евреин - и тоа е ризичен потег.

Речиси никој не сфаќа дека ти си цар на Израел, а не пак на вселената, иако тоа го сфатиле неколку странски филозофи и ти укажуваат почест и богато те даруваат. Но локалниот диктатор дознава за тоа и решава да ги збрише сите деца на возраст до две години. За малку ќе го изгубеше животот, но твојата мајка и очувот заминуваат како бегалци во Египет. Затоа добро ги разбираш протераните и бездомниците во целиот свет, и сакаш да им дадеш дом.

На дванаесет години одиш во ерусалимскиот храм и им поставуваш мноштво прашања на врските водачи и мислители, обидувајќи се да ги подготвиш за твојата мисија. Но потоа исчезнуваш во анонимност. Во детството и младоста работиш како занаетчија во мало место, издржувајќи го своето семејство по смртта на татка си.

Какво е чувството да бидеш Бог, а во исто време и потполно човек? Што се одвиваше во твојот ум? Додека го обработуваше дрвото, дали се сеќаваше на денот кога си го создал? Како гледаше на луѓето кои живеат далеку под својот потенцијал и на природата во толку бедна состојба? Дали си посакал сето тоа веднаш да го поправиш?

На триесет години стануваш патувачки учител и исцелител, хранејќи ги сиромашните селани и смрдливите просјаци, допирајќи ги краставите лепрозни, правејќи им ја притоа кожата нежна како на бебе. Ќе дозволиш, во мноштвото собрано околу тебе, да те допре една жена и веднаш ќе ја исцелиш од хроничен гинеколошки проблем. Ти си пријател со закоравените очајни проститутки, повикувајќи ги да го променат својот живот. Те гледаат со цариниците кои се продаваат на освојувачката војска, тешко оданочувајќи го својот сопствен народ. Им го приближуваш Божјиот драг лик на луѓе кои не се ни најмалку омилени, а некои од оние кои изгледаат најмалку побожно, срдечно те прифаќаат.

Ти доста дискутираш со верските водачи кои сметаат дека суштината е во правилата кои ги осудуваат луѓето, а не во љубовта и правдата. Те нарекуваат глупав и грешник. (Колку само си можел да се смешкаш во себе додека си гледал како сиромашките луѓе се обидуваат Сезнајниот да го поучат за религијата!). И понатаму се обидуваш да им ги отвориш очите за да сфатат колку Бог ја сака секоја душа, колку и да е таа длабоко паднатa, и колку е Божјиот закон прекрасен и како може да го унапреди животот. Најпосле толку ќе ги разбесниш, што ќе сакаат да те убијат.

Да, ти умираш. Ти, Животот – така те нарекуваше твојот најдобар пријател меѓу луѓето, Јован, мислејќи на тоа дека ти им даваш живот на сите и свест на сè што дише. Животот ја доживува својата смрт, и тоа онаа вистинска човечка смрт. Твоите последни зборови изговараат молитва со која и малите деца се молат кога одат в кревет: „Татко, во твоите раце го предавам својот дух".

Дали знаеше дека ќе се вратиш? Дали во секој случај би го направил тоа?

Кога војниците те зграпчија, можеше сите лесно да ги убиеш, да ја уништиш планетата и да се вратиш на својот престол. Но ти им дозволи да те камшикуваат, да те понижуваат. (Еден ден повторно ќе те видат како седиш на престолот на светот). Ти, кој рече: „Кога му направивте на еден од овие мои малечки браќа, МЕНЕ ми направивте!"). Им дозволи да ковaат шајки на рацете на дрводелецот, да го убијат Животодавецот, да бидат сурови кон најдобрата личност која некогаш постоела, да викаат со омраза кон отелотворената љубов.

За мене и за луѓето слични на мене – бунтовници, луѓе кои се обидуваат да бидат среќни применувајќи неразумни методи, циници, сомнежливи, суетни, саможиви ништожници, тврдоглави и фрустрирани егоисти.



ЈАС СУМ ВОСКРЕСЕНИЕ И ЖИВОТ; КОЈ ВЕРУВА ВО МЕНЕ, И ДА УМРЕ, ЌЕ ЖИВЕЕ.

Ти умре за јас да можам да живеам. Ти ме сакаш и го даде својот живот за мене. Тоа е нешто величенствено!

Отако те убија, истрчаа дома и одржаа верска гозба.

Ти лежиш во камениот гроб, вкочанет и мртов. Како можеше Небото мирно да го гледа тоа? Кој бил Триединиот Бог без тебе? (Тоа прашање веројатно го надминува моето сфаќање).

Твојот непријател мислеше дека засекогаш те поразил, мислејќи дека е непобитен кнез на Земјата.

По денот за одмор ти едноставно стана и ја понижи смртта,земајќи го најголемиот страв на секое човечко суштество, смеејќи му се во лице. Ти кажуваш: „Јас сум воскресение и живот; кој верува во мене, и да умре, ќе живее". Рече дека дојде за да ги уништиш сите дела на ѓаволот – смртта, болката, стравот, гревот, лагата.

Помина четириесет дена со своите пријатели, охрабрувајќи ги твојата радосна вест да му ја соопштат на светот. А потоа се врати дома.

Дали е можно сега, зацарен како Семоќен Бог, сè уште да се поистоветуваш со луѓето, и сè уште да се сеќаваш како изгледа да бидеш човек, да бидеш уморен, обесхрабрен, заробеник на гревот, слаб, несигурен? Ако е така, можам да пристапам пред твојот престол со доверба, очекувајќи милост и помош тогаш кога ми треба.

Со љубовта како твојата, можам да ја отфрлам вчерашната вина и да тргнам напред.

Можам да ја ставам својата валкана облека во твојата голема евангелска перална, убеден дека мојата душа ќе доживее длабоко чистење.

Можам да те сакам со целото свое срце и со сиот свој ум, и да ги почитувам твоите заповеди доброволно, како слободна личност.

Можам да се радувам на водство неопоганено со самољубие или каков било друг себичен мотив, и на водач кого јас, како бивш бунтовник, го сметам достоен за секоја почит и слава, затоа што за мене беше распнат на крстот.

Можам да ја поминам вечноста во туристички авантури по бескрајната фасцинантна вселена, но пред сè, едноставно да бидам со тебе.

[1] Лука 23,46.
[2] Матеј 25,40.
[3] Јован 11,25.


©www.istockphoto.com/kulicki

# ЖИВОТ ПО СМРТТА
## Сериозно?

Сторијата за Исусовото воскресение е единствена, вдахновена и богата со емоции – а такви се и приказната за Супермен или за Добрата вила. Но, дали е таа вистинита? Или тоа е само прекрасен мит?

### ЧУДА?

Некои луѓе тоа веднаш го отфрлаат бидејќи нема современи научни докази дека некој се вратил во живот откако неговиот мозок бил мртов четириесет часа. Сепак, сторијата за Исус тврди дека тоа е еден единствен таков настан во минатото.

Некои луѓе тоа го отфрлаат, бидејќи мислат дека Бог не постои, така што нема никој кој би можел да направи такво чудо. Логично размислување. Ако Бог не постои, оваа приказна е неостварлива. Сепак, мислам дека постојат бројни докази дека Бог постои.[1] А ако постои Бог доволно моќен да ја создаде вселената и најмалку една планета погодна за живеење, да го обликува човечкото тело и осмисли човечкиот мозок, тогаш повторното создавање на личноста по нејзината смрт не би претставувало потешкотија.

Ако постои Бог кој ги воспоставил законите на природата и ја создал реалноста која тие ја регулираат, тогаш Бог живее надвор од тие закони и може да функционира независно од нив или повремено да ги „прекрши“. Ова не значи дека тоа би требало да го очекуваме секој ден, и дека треба да ги отфрлиме научните книги, бидејќи тие закони повеќе не важат. Ниту, пак, тоа значи дека од нас се очекува секој ден да одиме по вода во базен, бидејќи законите на физиката повеќе не важат за нас. Според тоа, верувањето во чуда не ѝ противречи на науката.

### ИСУС ВО ИСТОРИЈАТА?

Речиси сите историчари сметаат дека постоел Исус од Назарет. Нема многу докази од луѓе кои не биле Негови следбеници.

На пример, римскиот историчар Лукијан од Самосат (роден 120 г. по Христа) мислел дека христијаните не го употребуваат разумот. Тој се пошегувал со своите читатели дека, кога патуваш, треба да се правиш дека си христијанин, бидејќи луѓето ќе ти дадат бесплатна храна и сместување: а и да те откријат, ќе бидат благи кон тебе. Освен овие совети за патувањето, тој за христијаните го напишал следното: „Кутрите несреќници се убедиле себеси... дека ќе станат бесмртни и ќе живеат вечно, поради што тие ја презираат смртта, па дури и доброволно дозволуваат да бидат фатени... Понатаму, нивниот прв законодавец ги убедил дека тие се браќа едни со други... бидејќи го обожаваат тој распнат софист и живеат според Неговите закони“.[2]

**АКО ПОСТОИ БОГ КОЈ ГИ ОСМИСЛИЛ ЗАКОНИТЕ НА ПРИРОДАТА И ЈА СОЗДАЛ РЕАЛНОСТА КОЈА ТИЕ ЈА ОПИШУВААТ, ТОГАШ БОГ ЖИВЕЕ НАДВОР ОД ТИЕ ЗАКОНИ И МОЖЕ ДА ФУНКЦИОНИРА НЕЗАВИСНО ОД НИВ ИЛИ ПОВРЕМЕНО ДА ГИ „ПРЕКРШИ“.**

Тој ги понижува христијаните, но Исуса го опишува како вистинска личност која била распната. Го нарекува квазимудрец („софист“), измамник, можеби заради извештаите за чудата.

А што пишува Тацит (роден 52 г. по Христа), кој се смета за најголем римски историчар? Тој опишува како императорот Нерон ги мачел христијаните, а потоа зборува како христијанството воопшто започнало: „Кристус, основачот на тоа име, бил убиен од Понтиј Пилат, прокуратот на Јудеја за време на владеењето на Тибериј“.[3] Кристус (римски израз за Христовото име) бил убиен од Пилат, а истото го забележале и писателите на евангелијата.

И други римски писатели го спомнуваат Исуса, а тоа изненадува кога ќе помислиме дека бил учител во мала, безначајна земја во нивното царство.

А што кажуваат еврејските извори од тоа време? *Талмудот* вели: „Во предвечерјето на Пасха, го обесија Јешуа (од Назарет)... затоа што се занимавал со магија, го мамел и го водел Израел во погрешна насока“.[4]

Според тоа, се спомнува Неговото име (Јешуа на еврејски, а Исус на македонски), Неговиот град и податокот дека Тој е обесен (на крст) пред празникот Пасха – ова совршено се совпаѓа со она што го тврдат евангелијата. Исус исто така бил обвинет за магија: евангелијата опишуваат дека неговите непријатели го искористиле тој израз за да им дадат негативен призвук на чудата изведени во јавност, кои не можат да се негираат.[5]

### ДА УМРЕШ ПОРАДИ ИЗМИСЛИЦИ

А што е со Неговите следбеници? Некои луѓе сакаат да ги прикажат како пристрасни сведоци или закоравени необјективни верници. Но, тие не очекувале дека Исус ќе стане од мртвите. Тие во тоа се увериле дури откако тоа се случило.

А мнозина од нив се погубени затоа што зборувале за тој настан. (Колку иронично. Велите дека сте го виделе човекот жив по неговата смрт, а тие ќе ве убијат поради тоа!) Ако тоа било само измислица, зошто никој не попуштил под таквиот притисок? Зошто Исусовите непријатели не можеле да покажат кон барем една личност која рекла: Во ред, признавам

дека сето тоа го измисливме. Тоа е верска измислица". Никој не изјавил такво нешто. Се упатиле кон сите краишта на Земјата сведочејќи за она што го виделе со своите очи, давајќи го и својот сопствен живот за таа вистина и за точноста на нивното сведоштво.

Да кажеме дека си измислил приказна за вила која живее во еден дел во твојата градина. Децата ја сакаат, возрасните ја сметаат за поучна бајка, а тебе добро ти наплатиле за книгата и за филмот снимен според таа книга. Но замислете да дојде на власт некој диктатор и бајките да ги прогласи за незаконски, воведувајќи смртна казна. Дали би признале дека тоа е само измислена приказна? Или би ја застапувале својата приказна патувајќи наоколу и раскажувајќи го тоа на секого, без оглед што твојот живот е во опасност? Колку едноставно прашање. Тогаш зошто учениците би го правеле тоа, ако тој настан го измислиле? Но тие не се откажале од таа сторија дури ни тогаш кога биле изложени на мачење. Мнозина заради неа отишле во смрт.

Дали можеби биле лековерни? Не, судејќи според квалитетот на текстовите што тие ги напишале. Лука, лекар по професија, не бил очевидец на сето тоа, но темелно ги проверил извештаите на другите и ја напишал својата книга според стандардите на римската историја. Јован ни објаснува зошто тој, како очевидец, го пишува својот извештај: „Што видовме и што слушнавме тоа ви го јавуваме на вас за и вие со нас да имате заедница; а нашата заедница е со Таткото и со Неговиот Син Исус Христос".[6]

## ДАЛИ ТАА ПРИКАЗНА Е ИЗМЕНЕТА?

Добро, можеби може да кажеме дека Исус постоел, но дали тој дел со чудата е додаден подоцна?

Тоа би било возможно ако постоел само еден службен, оргинален примерок за Исусовата биографија, да речеме во некоја библиотека во Рим под надзор на црквата. Би можел многу лесно да се смени, а потоа според него би биле препишувани сите подоцнежни копии. Но не постои еден централен примерок. Постојат бројни стари преписи. Евангелијата биле препишувани со рака и однесени во најразлични делови на светот. Теолозите сега можат да ги соберат и да ги споредуваат страница по страница. Се провлекле ситни грешки, но тие можат лесно да се исправат кога се споредуваат со другите ракописи (Ова се вика текстуална критика, и некои теолози специјализирале во таа струка).

Библиските ракописи на некој начин потсетуваат на интернет. За време на Студената војна, научниците, за да ги сочуваат овие значајни документи во случај нивниот универзитет да го погоди некаков проектил, ги праќале тие документи преку телефонските линии кон цела мрежа други универзитети. Евангелијата се сочувани на сличен начин (иако без модерната технологија). Затоа секој обид да се додаде неверодостојна приказна, би бил лесно воочлив.

Ако го отстраниш извештајот за воскресението, исцелувањата, чудесното хранење на мноштвото и другите чуда кои покажуваат дека Бог има контрола над природата, би останала само приказната за еден патувачки учител кој ги употребува големите цитати од еврејската Библија, и можеби не би се ни потрудил нешто да запишеш за тоа. Затоа главната вест била очигледна - Бог дошол во човечки лик.

## НЕВИСТИНИТ?

Бројни тврдоглави луѓе се обиделе да ја обезвреднат сторијата за Исус. Наградуваниот новинар Ли Стробел се загрижил што неговата сопруга почнала да верува во таа приказна, и поминал доста време во критичко проучување на истата, со цел да пронајде некоја недоследност во неа. Каков бил резултатот? Открил дека сторијата за Исус е вистинита, и ја напишал книгата „Истрагата за Христос". Еден друг скептик, Џош Мегдауел, го направил истото. Новинарот Френк Морисо исто така мислел дека лесно ќе може да укаже на дупките во историјата во приказната за Исус и обидот да се напише статија во таа насока. Таа статија никогаш не е објавена, бидејќи тој станал верник и ја напишал книгата која носи наслов „Кој го помести каменот?"

Исус рекол: „Секој кој верува во мене, и да умре, ќе живее" (Јован 11, 25).

Што ако Тој бил во право? Што би изгубил кога доказите би ги проверил со отворен ум?

Истражи дополнително:

Lee Strobel, *The Case For Christ* (книга и DVD)
Josh McDowell, *More Than A Carpenter*
Frank Morison, *Who Moved The Stone?*
John Dickson, *The Christ Files* (книга и DVD)

[1] Види ги книгите на Lennox, Craig итн.

[2] Lucian of Samosat, *The Passing of Perigrinus*, стр. 11,13. Види и Robert E. Van Voorst, *Jesus outside the New Testament*, (Grand Rapids, William. B. Eerdmans Publishing, 2000.), стр. 58–64; Wenhua Shi, *Paul's Message of the Cross As Body Language* (Tübingen, Mohr Siebeck, 2008.), стр. 38.

[3] Cornelius Tacitus, *Annals*, XV, 44. Translated by Alfred John Church and William Jackson Brodribb, *The Internet Classics Archive, http://classics.mit.edu/Tacitus/annals.html*

*4 Babylonian Talmud: Tractate Sanhedrin, Folio 43a, www.come-and-hear.com/sanhedrin/sanhedrin_43.html*

[5] Види Матеј 9,34.

[6] 1. Јованово 1,1–4.







# ЗОШТО ДА ГО СЛЕДАМ ИСУС?

„Слушај, црнецу... до крајот на следната седмица ќе зажалиш што некогаш си дошол".

Водачот на движењето за граѓански права лежел в кревет покрај својата жена, кога доцна една вечер зазвонил телефонот. Уште една закана со смрт. Мартин Лутер Кинг ја спуштил слушалката и отишол во кујната. Неговите нерви биле напнати. Тој тукушто бил пуштен од затвор, иако бил неправедно осуден. Му се закануале затоа што ѝ дал поддршка на Роза Паркс, која била уапсена бидејќи одбила да се вози во автобус во „делот за црнци". Афроамериканците во Алабама одбивале да се возат со автобус, сѐ додека не стапи на сила законот за еднаквост, па фабриките за автобуси биле во губиток. Кинг се трудел да го оствари својот сон дека сите луѓе се создадени еднакви. Тој тоа го нарекол „некојдинство", идеја дека секоја личност е некој а не никој.

Но, зошто тој се борел за Афроамериканците и за сиромашните луѓе? Тој стекнал елитно образование на бостонскиот универзитет и можел да има удобен живот како пастор во некоја богата црква. Чувствувал како да се откажува и се молел гласно:

„Еве стојам овде и го застапувам она за кое верувам дека е исправно. Но, сега се плашам. Луѓето бараат да ги водам и ако застанам пред нив без сила и храброст, и тие ќе потклекнат... Ништо веќе не ми преостана. Стигнав до точка каде што не можам сам да се соочам со тоа".[1]

Почувствувал бран на енергија и внатрешен мир, и тоа го сфатил како одговор од Бога.

©www.istockphoto.com/olaser



©www.corbisimages.com/Flip Schulke

„Не знам што ќе се случи сега. Пред нас се неколку тешки денови. Но, мене тоа сега не ми пречи, бидејќи бев на врвот на планината. И не се плашам. Како и сите други, и јас би сакал да поживеам, да поживеам долго... Но, не сум загрижен за тоа сега. Само сакам да го правам она што е Божја волја.А Тој ме одведе до врвот на планината. И погледнав на другата страна и ја видов ветената земја. ... Затоа вечерва сум среќен. Не сум загрижен за ништо. Не се плашам од никого. Моите очи ја видоа славата на доаѓањето на нашиот Господ“.

Додека следниот ден зборувал во црквата, во неговиот дом била фрлена бомба. Побрзал дома и дознал дека жената и децата не се повредени. Поголема грижа сега му претставувало мноштвото надвор, каде што се собрале околу илјада луѓе наоружани со пиштоли, ножеви и стапови, со камења и шишиња – со сè што успеале да најдат.

Биле подготвени да предизвикаат немири во знак на одмазда. Тој слушнал како некој зборува да се „пука во полицијата“. Кинг застанал на уништениот праг и ја подигнал својата рака за да ја замоли толпата да стивне. Рекол: „Без паника. Не правете ништо во паника. Ако имате оружје, однесете го дома; ако го немате, ве молам не обидувајте се да го набавите. Ние не можеме да го решиме овој проблем со одмаздничко насилство... Мора да ги сакаме нашите бели браќа, без оглед што ни направиле. Ние мора да се потрудиме тие да дознаат дека ги сакаме. Исус сè уште им го упатува повикот чии зборови одекнуваат низ вековите: 'Сакајте ги своите непријатели, благословувајте ги оние кои ве колнат... и молете се на Бога за оние кои ве гонат'. Вака треба да живееме. Мораме на омразата да одговориме со љубов“.[2]

Мноштвото го прифатило неговиот совет. Кинг често предводел мирољубиви демонстрации за правата на црните луѓе, а и за правата на сиромашните од сите раси. Инсистирал од учесниците на неговите демонстрации да потпишат ветување дека ќе се „однесуваат човечки“ „и кон пријателот и кон непријателот“, и дека ќе одат на тридневна работилница за ненасилство, каде што ќе го слушнат Исусовото учење, како и на Махатма Ганди, кој водел мирољубиви демонстрации за да постигне политичка слобода во Индија. Неколку пати полицијата ги претепала учесниците на Кинговите демонстранти, но телевизиските камери го забележале тоа и поттикнале симпатии кај јавноста кон неговото дело.

Ненасилството и „вртењето на другиот образ“ може да звучи безнадежно свето, како да не е од овој свет, но Кинг покажал дека тоа може да биде помоќно од оружјето.

Кинг го предводел маршот на Вашингтон и го одржал својот познат говор „Јас имам сон“, кој во светот е препознат како еден од најславните говори на сите времиња. „Имам сон дека моите четири мали деца еден ден ќе живеат во земја во која нема да се гледа на бојата на нивната кожа, туку на нивниот карактер. Денес имам еден сон...“

Тој добил Нобелова награда за мир за укинување на расната дискриминација и сегрегација.

Па сепак, на Кинг му се заканувале оние кои се плашеле од неговиот сон. ФБИ со години го прислушувал неговиот дом и хотелските соби, обвинувајќи го дека е комунист, прељубник, подмитен и пијаница.

На крајот бил убиен со куршум од пушка.

Ноќта пред да умре, го одржал познатиот говор за сите смртни закани во неговиот живот. „Не знам што ќе се случи сега. Пред нас се неколку тешки денови. Но, мене тоа сега не ми пречи, бидејќи бев на врвот на планината. И не се плашам. Како и сите други, и јас би сакал да поживеам, да живеам долго... Но, не сум загрижен за тоа сега. Само сакам да го правам она што е Божја волја. А Тој ме одведе до врвот на планината. И погледнав на другата страна и ја видов Ветената земја... Затоа вечерва сум среќен. Не сум загрижен за ништо. Не се плашам од никого. Моите очи ја видоа славата на доаѓањето на нашиот Господ“.

Каков начин на соочување со сопствената смрт!

Ако ја знаеш библиската приказна за Мојсеј кој ги водел робовите од Египет во ветената земја но умрел пред самиот влез на таа земја, тогаш знаеш дека Кинг својата вера ја црпел од тој настан.

На неговиот погреб биле пуштани делови од неговата проповед во кои тој порачува да не го помнат по наградите, туку по обидот да ги „нахрани гладните“, да „ги облече голите“, да ја сопре виетнамската војна и дека „го сака и му служи на човештвото“. Тој поттикнал и други луѓе во светот, на пример, архиепископот Дезмонд Туту, кој се борел против апартхејдот во Јужна Африка и станал втор (по мајка Тереза) на Галуповата листа на најпочитувани луѓе на дваесеттиот век.

Дали на твојата земја ѝ се потребни вакви луѓе? На мојата да. Без оглед на тоа дали се наоѓаат високо на општествената скала или се тивки и непознати, тие се херои.

И едно од делата што Исус ги направил за овој свет било и тоа да ги вдахне таквите луѓе.

Зошто ти би сакал да го следиш?

Секако не заради полесен живот! Некои ТВ-проповедници тврдат дека, ако веруваш, ќе бидеш поздрав, побогат, дека ќе живееш рајски, но да не претеруваме. Ако се однесуваш како Исус, тогаш ти длабоко се грижиш за другите луѓе. Повеќе ќе го почитуваш давањето отколку примањето, а од тоа нема да се збогатиш освен во карактерот и во меѓучовечките односи. Грижата за сиромашните и за оние кои имаат потреба понекогаш може да те доведе во судир со властите. Ќе бидеш љубезен кон непријателите, а тоа нема секогаш да ти обезбеди висока положба. Но затоа животот на другите луѓе ќе го направиш поубав. Дури и ако не си популарен и можеби го олеснуваш животот само на неколкумина, тоа и понатаму може да му даде смисла на твојот живот, цел и задоволство.

Исусовото учење постојано те поттикнува да бидеш дарежлив, добар, да проштаваш, да трпиш, да се грижиш за сиромашните, да се откажеш од сопствениот пат во полза на другите. Тој може во твојот карактер да развие „љубов, радост, мир, трпение, добрина... вера, кротост, воздржување“[3], и да те направи подобра личност отколку што би бил без Него.

И тоа е само во овој живот. Христијанската вера ти овозможува да ѝ се смееш на смртта в лице. Кинг бил изоден во градите и едвај преживеал, па рекол дека секое утро ќе ја гледа смртта в очи. Тој се шегувал на таа тема и, кога проповедал на погребните говори на свои пријатели, кажувал колку ги почитувал додека биле живи. Ако не најдете ништо вредно за кое би умреле, немате ни ништо вредно за кое би живееле, знаел да им зборува на луѓето.

Христијанската вера ти овозможува да почувствуваш дека Бог е со тебе, дека те храбри, влијае на твоите мисли и чувства, те штити и планира за тебе. Клучот е во личната врска со Бога.

Дали ова ти звучи како верско брборење? Не му звучело така на Кинг. Ако решиш да го следиш Исуса, предизвиците почнуваат уште сега.

[1] William Robert Miller, *Martin Luther King, Jr,* (New York, Discus, 1968.), стр. 54.
[2] Исто, стр. 57.
[3] Галатите 5,22.23.

# Слатки мали лаги

„Се откажав од потрагата по вистината и сега трагам по добра фантазија".
Ешли Брилијант

„Го изострувате човечкиот апетит до точка на која тој може атомите да ги раздвојува според својата сопствена желба. Го изградувате неговото его до величина на катедрала. Светот го спојувате со оптички кабел до секој посакуван нагон. Ги подмачкувате дури и најдосадните соништа со тие доларско-зелени позлатени фантазии додека секое човечко суштество не стане умислен цар, сам свој бог. Каде можеш да побегнеш оттаму?... Воздухот се згуснува, водата се скиселува, па дури и пчелиниот мед го поприма металниот вкус на радиоактивноста... и тоа надоаѓа сè побрзо и побрзо".
Ѓаволот (Ал Пачино) во *Адвокатот на ѓаволот.*


©www.istockphoto.com/SensorSpot



Чуварот на една градска кула забележува дека една сигурносна камера во поткровјето не работи. Изгледа како да го следи состанокот на некој одбор. Секој учесник има значајна власт и суров став. Водачот, кој може да се нарече само натприродно битие, зборува:

„Значи, по дискусијата за нашиот напредок во војните, трговијата со оружје, епидемиите, нашите кампањи за промоција на расизмот, економскиот хаос и општествените немири, сега се вртиме кон нашиот посебен непријател: христијаните. Таа црква расте во целиот свет, особено онаму каде што тоа е забрането, каде што е прогонета или работи во тајност, затоа потребно е да се сконцентрираме на неа.

Ако наидете на евангелски проповедник кој поучува од Библијата, проверете кои се неговите теми за секоја седмица и погрижете се луѓето, на кои таа им е најпотребна, да бидат зафатени со нешто друго – со работа или со задоволство. Или наведете ги пред проповедта добро да се најадат, па само ќе дремат. Насочете го нивното внимание кон грешките на другите луѓе, или наведете ги да не се согласуваат со проповедникот околу некои безначајни работи. Наведете ги да се сомневаат во сè и да се чувствуваат како интелектуалци. Бог не може да му открие сè на ограничениот ум, ниту да го отстрани секој можен сомнеж, па наведете ги да се сконцентрираат на она што е негативно и да поставуваат полупаметни прашања. Направете сомневањето да стане мода. Наша голема предност е што Библијата ги укорува луѓето – нивната себичност и гревот, ја предупредува нивната совест и бара од нив да бидат подобри. Ние можеме да им ласкаме, да им кажеме дека однатре се извонредни и дека не им е потребна промена, и на тој начин да ја успиеме нивната совест.

Наведете ги луѓето да мислат дека не е важно во што веруваат. Наречете го тоа толеранција и почитување на различноста. Сетете се дека непријателот рече: „Ќе ја запознаете вистината и вистината ќе ве ослободи".[1] Вистината на Евангелието може да ја исполни личноста и да ја промени, и така ќе ги поттикне луѓето да се прашаат дали воопшто постои вистината и дали таа всушност може да се спознае.

Извлечете ги деловите на Библијата од контекст – речиси никој нема да се потруди да ги провери или да ги прочита за себе. Секој оној што поучува за библиската вистина, наречете го нетолерантен, ограничен и заостанат. Поттикнете сосем различни мислења за Библијата и погрижете се оние најнереалните да бидат прогласени за „брилијантни" и „оригинални", за да го придобијат вниманието на медиумите и да бидат интересни за издавачите на книги. Тоа би требало да создаде многу лажни патеки за оние коишто трагаат. Одвратете ги со „стручни" мислења, наместо самите да ги читаат зборовите на непријателот.

Наведете ги луѓето да мислат дека Библијата не може да се чита без стручна помош (не спомнувајте колку книги напишале рибари и дрводелци, и дека може да ја разбере секој оној што е понизен и подготвен да го прави она што таа го кажува). Најмногу од сè, покажете им дека читањето на Библијата често ги повикува на жртва – на пример, да даваат пари за сиромашните – и таа ќе биде помалку популарна. Сетете се на Павловите зборови: „Бидејќи љубовта на вистината не ја примија, за да се спасат", и тие нема да ѝ поверуваат на вистината бидејќи „ја сакаа неправдата".[2] Ако им овозможите да прават сè што сакаат, а и понатаму да мислат дека се побожни, тогаш ќе ги извртуваат библиските пораки прилагодувајќи ги на сопствените желби.

Се сеќавате ли како Исус ми одговори кога го искушував лице в лице, преправен како ангел? Тој секогаш велеше: „Пишано е..." и ја употребуваше Библијата како оружје. Затоа мораме да ја нападнеме.

Натерајте ги луѓето да го мразат библискиот Бог. Кога Тој дејствува, наречете го тоа насилство. Кога нема да дејствува, обвинете го дека е рамнодушен. Уверете ги дека Библијата вели дека Исус вечно ќе ги гори луѓето во пеколот, ќе им додели бесконечна казна за направените гревови. Чесните луѓе тоа ќе ги наведе да се сомневаат во Божјата правда и добрина, и, се надеваме, ќе ја напуштат Библијата како авторитет.

Измешајте ги сите религии заедно, а Исусовото учење нека биде обвинето дека создава фанатици. Држете ги луѓето толку неуки за верата, та да поверуваат во ова.

Промовирајте ја идејата дека науката се спротивставува на Библијата, и затоа Библијата не треба да се сфати сериозно. Ако некој укаже на тоа дека најголемите научници во историјата верувале во Бога, прикажете ги како старомодни и суеверни. Ако некој посочи на тоа дека голем број од денешните врвни научници веруваат во Бога, наведете го да се потсмева и да одмавнува со главата на тој бесмислен став на тие инаку паметни луѓе. Кога немате убедлива причина, потсмевањето делува како најдобра заштита. Научниците во медиумите нека кажуваат дека сè настанало со случајни процеси во природата, па така ќе го отфрлат Создателот. Секако, постојат пукнатини во оваа приказна - Што ја предизвикало „Големата експлозија"? Како настанал кислородот? Како настанала првата ќелија? – но повеќето луѓе нема ни да ги забележат тие празнини ако научниците се доволно угледни. Повторувајте ја оваа приказна на секое образовно ниво, од детските цртани до универзитетите. Ако некој се спротивстави, нека му се потсмеваат. За повеќето луѓе потсмевањето е помоќно од аргументите.

И кажете им дека со вселената управуваат непроменливи закони, па затоа кој било бог (ако воопшто постои) би бил ограничен со тие закони. Значи, нема смисла да се молат или да очекуваат чудо, а библиските приказни за чудата ги пишувале лековерни луѓе во времиња пред да се развие науката. Тогаш нема да очекуваат Божја интервенција во денешно време.

Кажете им дека Исус бил голем учител, па дури и чудотворец, но не и вечен Бог, едно со Таткото. Прикажете го како гуру или верски исцелител како мнозина други, и ласкајте им на луѓето дека тие можат да бидат дури и помудри од Него, ако отфрлат некои од Неговите најважни и најрадикални идеи.

Најмногу од сè, запомнете дека ние немаме моќ дури ни над најслабата личност која понизно бара милост и помош од Бога. Затоа попречувајте ги и направете да се сомневаат во евангелието или да одат во крајности. Направете некои да мислат дека се доволно добри сами по себе, дека со своите добри дела ќе го заслужат Божјото одобрување. Други нека се чувствуваат премногу грешни за да изгубат секаква надеж и да мислат дека Бог нема лесно да им прости. Трети нека сметаат дека не направиле ништо лошо: задржете ги во длабоко незнаење и нека немаат чувство на вина. Нека се прашаат како може некој да умре за гревовите на другите. Кажете дека Исус умрел само за да покаже љубов, а не за да ја понесе вината, бидејќи кој стар, намќорест Бог би сакал крв? Претставете го Бога како неправеден во одбраната на вечните начела на Неговиот закон.

Сконцентрирајте се посебно на учителите и водачите. Кажете им на некои дека никогаш не смеат да стапат во брак и да се изложат на ризикот нивната сексуалност да избие на неприфатлив начин, посебно ако надгледуваат деца. Ако некои имаат семејства, задржете ги во сиромаштија, поттикнувајќи ги луѓето да ги критикуваат и на тој начин да ги обесхрабруваат. Или, ако се популарни и богати, охрабрете ги од луѓето да земаат пари, за Божјата благодат да им изгледа скапа а не бесплатна. Материјалните работи нека ги ценат повеќе од верноста, заборавајќи на драгоцената жртва која Исус ја поднел за нив. Која било од тие крајности, ќе биде делотворна. Нека бидат зафатени со безначајни работи и гасење на политички пожари. Скратете им го времето посветено на семејството, за бракот да им заслабне и да паднат во разни афери, и доведете им привлечни и емотивно нестабилни луѓе. Откријте ги нивните слабости и поработете на нив.

Сосредоточете се на богатите луѓе. Наведете ги парите да ги сакаат повеќе од Божјото царство и таквите ќе бидат наши, без оглед што мислат дека веруваат (овој трик дејствува и кај сиромашните, но не трошете премногу време на нив).

И, секако, негирајте го моето или вашето постоење. Тоа е основна маска. Кажете дека јас сум само измислен лик кој постои само во човечката фантазија. Уверете ги луѓето да мислат дека злото е природно и дека секогаш ќе постои. Направете светот без тоа да изгледа незамислив.

Сетете се зошто го правиме сево ова. Секое човечко суштество кое ние ќе го заробиме или ќе го уништиме, му предизвикува болка на Исуса, а тоа е нашата одмазда. Еден ден ние ќе го симнеме Бога од Неговиот престол и наместо него ќе поставиме вистински водач на вселената".

Во тој момент камерата почнува да емитира статичен шум, а човекот од обезбедувањето сфаќа дека целата таа сцена била само сон.

Или можеби не.

---

[1] Исус во Јован 8,32.
[2] 2. Солуњаните 2,10–12.





# ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ за бура

Некои луѓе ги избегнуваат вестите бидејќи се премногу стресни.

Во еден обичен ден насловната страна на лондонскиот *Тајмс* објавува текстови за финансиската криза на земјите во долгови, за општествени немири, демонстрации на работниците против намалување на платите, за водачот на корпорација фатен во корупција, повеќекратно убиство, воен криминалец пратен во затвор, за војна против дрогата. Амстердамскиот *Де Телеграф* пишува за бројот на жртвите во граѓанска војна, за сè поизразеното расистичко насилство на ултранационалистичките политички групи во сиромашните делови од градот и за стравот дека Северна Кореја и други политички проблематични земји ќе употребат ураниум за да изградат нуклеарна бомба. Варшавската *Газета Виброча* зборува за спречување на меѓународен круг на детска педофилија и објавува фотографии на остатоци од авионска несреќа. *Лос Анџелес Тајмс* известува за пораст на криминалот, вклучувајќи го и сè поголемиот број школски деца убиени со огнено оружје секоја година, и за расизмот при вработувањето.

Тоа се многу човечки страдања. Многу проблеми без едноставни решенија.

Секако, има доста статии кои го свртуваат вниманието кон добро расположение и нудат забава, но и доста сериозни луѓе кои се загрижени поради насоката во која се движи овој свет.

## >> > ВОЈНА


©www.istockphoto.com/Bluberries

И понатаму ни се заканува масовно уништување со нуклеарно оружје поради напнатоста меѓу Западот и арапскиот свет, што некои ја нарекуваат нова крстоносна војна или џихад.

Што ако бомбата заврши денес во погрешни раце? (А кој може да процени чии раце се погрешни?)

Темпираниот пеколен механизам атомските научници го наместиле на 5 минути пред полноќ.

## ГЛОБАЛНО ЗАГРЕВАЊЕ < <<


©www.istockphoto.com/JohnPitcher

Некои предвидуваат дека спиралниот пораст на температурата ќе го уништи сиот живот на Земјата. Дури и поблагите сценарија се драстични. Во извештајот на Обединетите нации се смета дека топењето на мразот на Хималаите може да ги исуши најголемите азиски реки, вклучувајќи ја и Ганг, Меконг и Јелоу, а без вода би останале три милијарди луѓе – половина од светската популација – и тоа до 2350 година.

Ако подигањето на нивото на морето ги поплави големите области од земјата, масовните миграции би можеле да предизвикаат напнатост и војни. Каде тогаш би се одгледувале посевите?

Климатските промени веќе предизвикуваат проблеми. Агенцијата за истражување на Обединетите нации тоа го поврзува со катастрофите кои влијаат на околу 2,4 милијарди луѓе во последната деценија.



©www.istockphoto.com/caracterdesign

## ПАНДЕМИЈА

Некои сметаат дека цела низа вируси, како што е ХИВ-вирусот, можат да мутираат, а тогаш лесно би се пренесувале како настинката. Тоа би можело да уништи огромен број жители на Земјата.

На крајот на Првата светска војна, едно од три лица заболело од „шпански грип". Траел само осумнаесет месеци, но убил педесет милиони или можеби дури и 100 милиони луѓе насекаде во светот.

Некои стручњаци се плашат дека би можеле да се развијат „супер-бактерии" или болести отпорни на антибиотици.

Светската здравствена организација покренала одлична акција против САРС и птичјиот грип (H5N1), и тие болести се сериозно ограничени благодарение на брзата акција, но не се искоренети.

Постојат и многу други сценарија за пропаста на светот, вклучувајќи го порастот на сиромаштијата во сиромашните земји, искомбинирана со агресивниот фундаментализам на светските религии, што би можело да води до пошироко погубно влијание на тероризмот. Тука се и природните катастрофи, како, на пример, цунами кои ги оштетуваат нуклеарните постројки, водејќи кон поголеми радиоактивни истекувања. Или разурнувачки земјотреси во многу населени центри.

Каде е крајот на сево ова? И што прави Бог?

## КРАЈ НА СВЕТОТ?

Уништувањето на Земјата пред 2000 години веројатно звучело невозможно, кога немало нуклеарни проектили, пестициди, автомобили, моторни пили или нешто друго што е способно да го уништи светот. Па сепак, христијанскиот пророк Јован пишува за луѓето „кои ја расипуваа земјата" (Откровение 11,18). Со неговите предвидувања толку ги налутил властите, што го одвеле во затвор.

Но, ако се префлиме дваесет векови понапред, до нуклеарното време, гледаме дека луѓето имаат десетици начини на кои можат да ја збришат нашата планета.

Откако ја фрлил атомската бомба на Хирошима, пилотот се прашал: „Што направи Бог?" (4. Мојсеева 23,23) Така Бог повторно бил обвинет за она што го направило човештвото.

Во 1962 година, нуклеарниот час на уништувањето запрел на 11:59, кога советските нуклеарни проектили стигнале на Куба, и фалело само неколку часови до општа нуклеарна војна. Светот останал без здив и се молел за голо преживување. Во текот на 1970-те и 1980-те се водела политика на заемно уништување: ако „тие" ги испалат ракетите, „ние" автоматски ќе возвратиме со оган, уништувајќи сè живо. Американскиот претседател Роналд Реган потрошил милијарди долари на одбрамбениот систем наречен „Вселенски штит". Во познатиот говор, Русија ја нарекол „лошо царство" од библиското пророштво и наводно му рекол на некој ТВ-евангелист: „Ние можеби сме генерација која ќе го види Армагедон". И бевме близу до тоа! Еднаш Реган се пошегувал на интервју на радио: „Започнуваме со нуклеарен напад за 5 минути". Советскиот проектилен систем бил покачен на црвениот степен на тревога – само минути ги делело од автоматско лансирање. Проектилите на САД се искачувале до црвената точка на тревога неколку стотици пати.[1]



©www.bigstockphoto.com/egal

Сигурно се прашувате колку пати Бог интервенирал за да го спаси човештвото од самоуништување. Зашто го сторил тоа? Заради опстанокот на човечкиот род!

Јован бележи изненадувачка визија за тоа како Бог ги задржува војните, катастрофите и вџашувачката деструктивност на човечката природа: „Потоа видов четири ангела како стојат на четирите агли на земјата, држејќи ги четирите земни ветрови, за да не дува ветар ниту на **земјата**, ни по **морето**, ниту на некое **дрво**. И видов друг ангел,... па почна да им вика со силен глас на четирите ангела, на кои им беше дадено да им напакостат на земјата и на морето, велејќи: 'Не пакостете и на земјата, ни на морето, ниту на дрвјата, додека не ги запечатиме челата на слугите на нашиот Бог!'" (Откровение 7,1-3).

Јовановото видение може подобро да се разбере во време кога оштетувањето на земјата, на морето и на вегетацијата (секоја секунда тропските шуми се уништуваат со површина поголема од фудбалско игралиште) сериозно се заканува да го загрози нашиот опстанок.

Видението ги прикажува Божјите ангели како го сопираат човечкото уништување додека Тој не го „запечати" својот народ. Печатот е стар знак за припадност,[2] како денес венчалниот прстен. Челото го симболизира човечкиот избор и посветеност.[3] Значи, Бог влијае на луѓето поттикнувајќи ги на добрина преку заедницата со Него.

Важно е да бидеме миротворци. Во нуклеарно време потребно е да бираме меѓу ненасилството и непостоењето, како што кажал Мартин Лутер Кинг. Исус рекол: „Блажени се миротворците" и „Сакајте ги своите непријатели".

Важно е да се грижиме за сиромашните, особено затоа што сиромашните земји забрзано ја уништуваат својата околина поради пари.

И додека светот се наоѓа на работ на самоуништување, Бог работи на највлажното подрачје – на неколку сантиметри зад твоите уши. Човечката природа е централен проблем и Бог ги обновува луѓето за да го искористат својот полн потенцијал.

Многу сум охрабрен со таквата визија за Бога кој ги задржува темните сили на космичкото зло и човечката деструктивност, во својата длабока желба да спаси што е можно повеќе луѓе, планирајќи да ги одведе во своето царство.

Кое царство? Види во следната глава.

[1] Според едно истражување имало 147 такви тревоги *во период од само 18 месеци! Brigham Young University Studies,* 1985. 25(1):77–90.

[2] Процесот на запечатување го врши Светиот Дух: „И откако и вие поверувавте, станавте запечатени со Светиот Дух на ветувањето" (Ефесјаните 1,13). Тој процес се случува кога личноста ќе почне да верува во Бога и наоѓа одмор во неговата милост, наместо да се обидува да го заработи спасението. Тој евангелски одмор ја симболизира саботата (Излез 31,13; Евреите 4,9.10) и претставува дел од процесот на запечатување.

[3] Тука би требало да се чуваат Божјите заповеди и неговата наука, види 5. Мојсеева 6,8.

# Звучи како нашето време?



„Бидејќи мнозина ќе дојдат и во мое име ќе зборуваат: Јас сум Христос".



„Бидејќи ќе стане народ на народ и царство на царство..."



„Ќе има глад..."



„Ќе има земјотреси низ цел свет".



„А сето тоа е е почеток на страдањата".

©wikipedia, istockphoto, gettyimages

**Исус,** *(Матеј 24,3-8)*

## СТАТИСТИКА

ДЕМОКРАТИЈАТА ГО „ЗГОЛЕМИЛА БРОЈОТ НА ВОЈНИТЕ БЛАГОДАРЕНИЕ НА ДАНОЦИТЕ И ЕВТИНОТО НАОРУЖУВАЊЕ".

Бројот на војни е во постојан пораст во текот на последното столетие поради економскиот напредок и сè поголемиот број на граници, тврдат истражувачите. Аналитичарите на Универзитетот Ворвик откриле дека, од 1870 до 2001 година, бројот на војните меѓу државите забрзано се зголемувал во просек за 2% годишно. На крајот на минатиот век, меѓу 1870 и 1913, имало само шест војни годишно. Но бројот пораснал на 17 годишно во периодот меѓу двете светски војни, 31 годишно во време на Студената војна и 36 годишно во 1990-те. Таа појава истражувачите ја припишуваат на зголемениот број на граници, евтиното оружје и ширењето на демократијата во светот. Тие откриле дека развојот на демократијата всушност ја зголемил способноста на државите да водат војни и овозможил даноците да се трошат за набавка на оружје...

„Освен тоа, како и да ја поделите, ние имаме само една планета. Нашата планета веќе виде две светски војни. Како што покажува искуството, никогаш не можете во целост да бидете сигурни кога некоја мала искра на судир одненадеж ќе прерасне во пожар, односно војна со големи губитоци и разорување". Истражувачите велат дека повеќето луѓе веруваат дека животот во современите демократии донел мир и стабилност. Постоечкиот тренд ги демантира просветителите дека мирот ќе превладува кога земјите ќе станат побогати, подемократски и понезависни.

www.dailymail.co.uk/news/article-2009355/Democracy-increased-number-wars-taxes-cheaper-weapons-say-researchers.html





# „ПАК ЌЕ ДОЈДАМ" – ИСУС



©www.istockphoto.com/PeteWill

Затвореник стои во судска палата со врзани раце и со јасно видливи рани. Стои во мугрите со часови кои мачно и полека одминуваат. Не спиел цела ноќ, не јадел ниту пиел.

Судијата е обезбеден со железна ограда и римска војска, но овој затвореник го вознемирува. Тоа утро неговата сопруга Клаудија му го опишала сонот што го сонувала за тој човек, велејќи му: „Пилате, немој да му наштетиш на тој праведник".

„Дали си ти еврејски цар?" сака Пилат да знае.

„Го зборуваш ли тоа сам од себе?" прашува затвореникот, „или други ти кажаа за мене?"

„Што сум јас, Евреин?" извикнува Пилат, сакајќи тој да биде оној кој поставува прашања. „Твојот народ и водачите те предадоа на мене. Што си сторил?"

„Моето царство не е од овој свет, инаку моите следбеници би се бореле... Но моето царство е на друго место".

Пилат зачудено го гледа. Тој очигледно не е измамник. Не е ниту луд. Го гледа Пилата директно в очи и му кажува едноставна вистина.

„Значи, ти си цар?" прашува Пилат.

„Ти велиш", одговара затвореникот. „Затоа се родив и дојдов на овој свет да сведочам за вистината. А секој кој ја сака вистината, ме слуша мене".

„Што е вистина?" прашува Пилат - но не го чека одговорот. Веднаш оди да го придобие мноштвото и да ја унапреди својата карирера, оставајќи ја Вистината зад себе, врзана во синџири.

Пилат мислел дека римското царство ќе трае засекогаш. Секој сака да владее со светот, но историјата покажува дека следниот век носи и следно царство. Во претходното царство младиот роб Даниел бил повикан пред царот кој бил загрижен поради ноќниот кошмар.

„Што сонувавте, Ваше Височество?" прашал Даниел.

„Не се сеќавам", одговорил царот. „Ако си пророк, ти кажи ми". И Даниел го сторил тоа. „Виде човечка статуа направена од различни метали..." - рекол.

„Да!" потврдил царот.

„Неговата златна глава го симболизира твоето царство, Вавилон. Но по тебе ќе настане друго царство, претставено со сребрени гради. Потоа уште едно, претставено со бронзен стомак. А потоа уште едно, претставено со железни нозе".

Царот толку го мразел тоа толкување, што изградил статуа висока 30 метри, сета од злато, тврдејќи дека така неговото царство ќе постои засекогаш. Но ние од историјата знаеме дека неговото царство пропаднало, дека било сменето со медо-персиското, потоа грчко-македонското, па настанала железната империја на Рим.

Даниел продолжил. „По железните нозе доаѓат стапалата од железо и глина, а тоа симболизира поделен свет со кој не владее една сила". Како тој можел да знае 550 г. пред Христа дека никој нема да ја исполни празнината настаната по пропаста на римското царство? Мнозина ќе се обидуваат – Карло Велики, Наполеон, Хитлер – но сите ќе пропаднат.

Меѓутоа, Даниел не запрел тука: „А потоа каменот се одвои, иако не од човечка рака. Удри во стапалата од железо и глина, разбивајќи ја и распрснувајќи ја во парчиња целата статуа. А тој камен стана голема планина која го исполни целиот свет".

Царот се подисправил на работ на својот престол. „Но, што значи тоа?"

„Во тие денови во иднината, Небесниот Бог ќе го постави своето царство кое никогаш нема да биде уништено. Тоа ќе стои вечно".[1] Даниел спомнал и како некој кој потсетувал на „Синот човечки", доаѓа пред Божјиот престол и ја прима власта над царството кое ќе трае вечно.

Пилат го слушнал викањето на толпата која барала смрт за неговиот затвореник. На прашањето дали Тој е Месија, Божјиот Син, Исус одговорил: „Да, а отсега ќе го видите Синот човечки каде што седи од десната страна на Силата и како доаѓа на небесните облаци".[2]

Тие го прогласиле виновен за богохулење – самиот себеси се нарекува Бог – но, според римскиот закон, тоа не заслужувало смрт. Пилат наредил да го камшикуваат, а војниците на тоа додале и други детали: круна од трње и царска црвена наметка. Го удирале по лицето.

Пилат се обратил до мноштвото: „Не наоѓам никаква вина кај Него", рекол. „Не гледам причина за да биде распнат".

Толпата подивела врескајќи дека Тој мора да умре бидејќи себеси се нарекол Божји Син. Пилат, сега збунет, повторно испратил да го доведат затвореникот. Неговиот грб сиот бил избразден, но Тој стоел достоинствено.

„Од каде доаѓаш?" го прашал Пилат, иако веќе го знаел одговорот.

Затвореникот сметал дека нема потреба да го каже она што е очигледно.

Пилат се вознемирил, а во неговиот глас се почувствувала паника. „Одбиваш да ми одговориш? Зар не сфаќаш дека јас имам власт да дадам да те распнат или да те ослободат?"

„Ти немаш власт ако не ти е дадена озгора", мирно рекол затвореникот.

Но Пилат сакал да ја покаже својата моќ, така што Вистината им ја предал на толпата, осудувајќи го со смрт на крст.

По неколку години Пилат се вратил во Рим, од каде што и дошол, и се смета дека таму и умрел.

Неколку дена подоцна, Исус се вратил од каде што дошол и никогаш нема да умре.

Пред да замине на небото, на неколкумина од своите следбеници им рекол: „Пак ќе дојдам".

**Вистината** ќе се врати, овојпат не како понизен галилејски учител, туку како Син човечки кој седи од десната страна на Бога и доаѓа на небесните облаци. Овојпат Тој ќе биде судија. И тогаш ќе му суди на Пилат, како и на сите оние кои се сретнале со Вистината, но го одвратиле своето лице од неа.

При воспоставување на Неговото совршено царство, ќе им биде судено на оние кои би можеле да го загрозат. Овој судија, кој и самиот претрпел неправда, ќе биде апсолутно праведен. Кршењето на Неговиот закон на љубовта е смртоносно, и бунтовниците нема да живеат во Неговото ново царство. Нема да има место за оние кои не го почитувале или им нанесувале штета на другите луѓе, кои убивале, правеле прељуба, краделе, лажеле, копнееле по туѓото. Нивната казна ќе биде темнина и срам, отсуство и вечно непостоење.


©www.shutterstock.com/ Bevan Goldswain

Тогаш кој ќе биде во Неговото царство?

Таму ќе биде еден разбојник. Исус умрел помеѓу двајца разбојници кои Му се потсмевале и го предизвикувале да ги ослободи ако е навистина Божји Син. Исус не се осврнувал на тој напад туку само се молел за своите непријатели, дури и за војниците кои го приковале на крстот, и ја тешел својата натажена мајка и своите пријатели кои биле таму за да го тешат Него.

Гледајќи го како се однесува, еден од крадците зажалил поради своите зборови и се извинил. Тој погледнал кон Исуса и рекол: „Господе, сети се на мене кога ќе дојдеш во своето царство".

Исус веднаш видел дека тој човек навистина тоа го мислел. Во последните часови од својот живот, тој конечно се сретнал со Бога и се покајал за своите дела. Исус рекол: „Ти велам денес, ќе бидеш со мене во рајот".

Исус не отишол во рајот тој ден, туку бил ставен во гроб. Разбојникот не отишол во рајот тој ден: всушност, тој страдал до следниот ден, можеби дури и подолго пред да умре.

Но тој умрел со Исусовото ветување дека ќе биде во рајот.

Се прашувате ли зошто Исус му го ветил тоа?

Затоа што го молел Бога за добрина која што не ја заслужил.

И јас можам да го направам тоа. Знам дека праведен и совршен човек бил осуден и погубен, но не поради своите гревови, туку заради моите. Јас знам дека умрел со смрт која што не ја заслужил Тој, туку јас. Затоа јас можам да живеам иако не го заслужувам тоа, туку Тој. Во таа пресуда, иако целосно заслужувам смртна казна за моите гревови, јас примам ослободителна пресуда дека сум совршен човек како Него.

На луѓето кои веруваат во Неговата милост, Исус им ја покажува својата добрина. Тој вели: „Да не се плаши вашето срце, верувајте во Бога и во Мене верувајте. Имам многу живеалишта во домот на Мојот Татко. Одам да ви подготвам место". Тој зборува како младоженец кој оди да изгради куќа за својата невеста и планира да дојде и да ја однесе на подготвената венчавка. „Повторно ќе дојдам и ќе ве земам кај себе да и вие бидете каде што сум јас". Најубаво е да бидеме заедно.

**ВЕРУВАМ ДЕКА СИТЕ НИЕ ЌЕ СЕ ЧУВСТВУВАМЕ МЛАДИ И ДЕКА ЌЕ БИДЕМЕ ВО ДОБРА ФОРМА, УЖИВАЈЌИ ВО СВОЕТО СОВРШЕНО ТЕЛО.**

Какво ќе биде неговото царство? А каков би бил светот ако Исус е негов владетел?

Во светот во кој ќе владее Исус, Исцелителот, повеќе нема да има болести ни болки. Никој нема да страда од ХИВ, никој нема да умре од рак, ниту едно дете нема да се роди со леукемија, ниту пак стари луѓе со болни колена. Кога Исус бил на оваа земја за прв пат, тој се сретнал со човек кој бил роден слеп. Исус го допрел и наеднаш тој знаел што значи зборот „црвено", и гледал во лицата кои дотогаш можел само да ги допре, гледал во очите кои го сакале. Затоа верувам дека сите ние ќе се чувствуваме млади и дека ќе бидеме во добра форма, уживајќи во своето совршено тело.

Во светот во кој ќе владее Исус Животодавецот, погребите ќе бидат минато. Луѓето кои повеќе илјада години спиеле во земниот прав, ќе излезат од своите гробови како што Исус станал тоа неделно утро.

Во светот во кој ќе владее Исус Миротворецот, нема да има ни млади ни стари кои ќе страдаат од телесни или душевни рани. Нема веќе да има деца со една нога и пушка како штака. Нема веќе да има омраза и одмазда. Човечкиот ум кој пронаоѓа нови оружја за луѓето да се убиваат – 6% од научниците работат на развој на оружја – би можел да прави играчки.

Во светот во кој ќе владее Исус Учителот, нема да има незнаење ниту суеверие. Учењето нема никому да му биде здодевно. Секој ќе го развива својот ум до ниво кое денес не би можел ни да го замисли.

Во светот во кој ќе владее Исус Создателот, нема повеќе да има катастрофи, насилства и страдања во природата. „Волкот ќе живее со јагнето... Нема никој да му наштететува на другиот ниту да го уништува. Нема повеќе да има цунами ниту да демнат опасности од диви животни ниту лов.

И уште многу, многу други прекрасни работи.

И така јас почнувам да сфаќам зошто Исус ги учел луѓето да се молат „Да дојде царството Твое. Да биде волјата Твоја, како на небото така и на земјата".

Те молам, Исусе, тоа да биде што поскоро. И сети се на мене.

[1] Види Даниел 2; 7,13.14.
[2] Матеј 26,64.
[3] Види Јован 19
[4] Лука 23,43.
[5] Јован 14,1–3.
[6] Види Јован 9.
[7] Матеј 6,10.



©www.istockphoto.com/juanestey

# Најголемата надеж

Оној кој сака да биде водач треба да има победнички менталитет, диплома од некој елитен универзитет и внимателно осмислени слогани кои ги допираат нашите соништа. „Напред, а не назад". „Да, ние можеме". „Промена во која можеме да веруваме". „Можете да ми верувате". Ние можеме да го промениме светот ако гласаме за нов секуларен месија.

Меѓутоа, кога забрзано минуваме низ годините на нивното владеење, гледаме дека луѓето сфаќаат дека нивните проблеми не се чудесно решени. Таквиот водач може да укаже на некои достигнувања, но сè уште сме сведоци дека има општествени напнатости, сиромаштија, расизам, неквалитетни училишта и болници со ниски стандарди, неправедни војни, корупција, расипаност, прекршени ветувања, неисполнети добри намери.

Таква е човечката природа. Што очекувавме – Месија?

Зошто полагаме толкава надеж во оние кои го ветуваат она што не можат да го исполнат, кога од Бога е избран водач кој го исполнил сето она што е запишано за Него? Кога дошол на Земјата, Исус исполнил околу 300 пророштва кои пророците до неверојатни детали ги предвиделе за Него. Тој ни ветува нов свет и, иако тоа сè уште не сме го виделе, досегашниот извештај за Него ни дава причини да веруваме дека и ова пророштво ќе се исполни.

Би сакал да бидам близу до некој гроб кога тоа ќе се случи.

Земјата се отвора, почвата пука, надгробните споменици паѓаат, а од гробовите излегуваат луѓе. Тоа се вистински луѓе а не духови, и во нив нема ништо сенишно. Тие се силни, млади и мускулести луѓе, со неверојатно добар изглед.

**КАКО ЌЕ СЕ ЧУВСТВУВАШ КОГА ЌЕ ПОГЛЕДНЕШ ВО ТОА ГОЛЕМО БЛАГОРОДНО ЛИЦЕ? ТОЈ НЕ МОРА ДА ИЗУСТИ НИ ЗБОР. ЕДНОСТАВНО ЌЕ ТЕ ПРЕПОЗНАЕ, И ЌЕ ТИ УПАТИ ТАИНСТВЕНА НАСМЕВКА КАКО ДА СИ НЕГОВО ЕДИНСТВЕНО ДЕТЕ.**

Замислете како се отвора голема семејна гробница и десетина луѓе гледаат еден во друг – деца, родители, баби и дедовци, прабаби и прадедовци, вчудовидени што воопшто се живи а не пак што се заедно. Тие сите зборуваат на глас, се прегрнуваат, се штипкаат за да се уверат дека тоа не е сон, се смеат...

Тука е надгробниот споменик на кој пишува: „Сара Блејк 1802-1803", заедно со останатите имиња од нејзиното семејство. Но тој сега е скршен, а малечко девојче кое тукушто проодело го пренесуваат од рака в рака, од мајката до таткото, до братот и сестрата. Тие едвај чекаат да го гледаат како расте и живее во прекрасниот свет.

Маж во војничка униформа се смее додека го гледа својот голем силен син кој никогаш не го запознал.

На жена, која заминала да поучува во сиромашна и опасна земја и го изгубила своето бебе при породување, ангел ѝ го предава детето во нејзините нежни раце.

Некои луѓе таму се сами, единствени од своето семејство или целиот град. Тие наскоро се здружуваат во групи и како отсекогаш тука да припаѓаат.

Девојче кое имало Даунов синдром, сега изгледа здраво, но и понатаму тоа е непогрешливо таа; води интелегентен разговор со својот брат, и двајцата се речиси изненадени, бидејќи не знаат каде попрво да погледнат. „Сè ми е појасно во мојот ум и дејствува многу побрзо и поживо," вели таа.

„И мене", вели нејзиниот брат.

Можеби тука е и твојата прабаба, потскокнува и се смее како млада девојка, а твојот прадедо ѝ подава ружа.

Само неколку секунди пред сево ова, небото блеснало од Божјото присуство. Тој се симнал од Небото „со заповед, со глас на Архангел, и со Божја труба".[1] Моќниот глас и звукот на трубите го прекинале секој разговор, ја затвориле секоја продавница, сите спортски натпревари и училишни часови. Секое око гледа.

Војниците кои на Исуса му ги заковале шајките, сега знаат кој е Тој.[2]

Пилат не може да ја избегне вистината. Тој гледа во земјата и плаче со жалење, додека неговата жена гледа нагоре со надеж. Ќе ѝ недостасува.

Мноштво луѓе плачат и лелекаат: „Зошто не го правев она што го знаев?" Нивното жалење и тага се неопишливи. Владее бескрајна радост, а тие изгубиле сè. Зошто?

А тогаш забележуваш како твоите стапала се одвојуваат од земјата. Некоја сила те влече нагоре и се подигаш во пресрет на Бога на небото.[3] Лично ти. Како ќе изгледа тоа кога ќе погледнеш во тоа големо добро лице? Тој не мора да каже ниту збор. Едноставно ќе те препознае и ќе ти упати таинствена насмевка како да си негово единствено дете.

Додека светот под тебе станува сè помал и помал, ти чувствуваш дека секоја грешка што некогаш си ја направил изгледа заборавена и неважна. Секоја болка што некогаш толку те мачела, изгледа како да не се ни случила, исчезнала. Ќе се вратиш, но Земјата тогаш ќе биде обновена, исто како што ќе бидеш обновен и ти.

Размислуваш за зборовите на апостол Павле: „Еве ви ја кажувам тајната... сите ќе се преобразиме. Одеднаш, во миг на окото во

последната труба; затоа што ќе затруби и мртвите ќе станат нераспадливи“.[4]

Забележуваш дека не доаѓаат сите кои останале под вас. Некои го отфрлиле Бога, ја занемариле неговата љубов и вистина, и се обидувале да се преправаат дека тоа не е важно. Тие преколнуваат планините да паднат врз нив и да ги скријат од очите на Царот на престолот и од „гневот на Јагнето“.[5] Гневот не е својствен за Јагнето жртвувано да ја земе вината и последиците на гревот од сите нас. Но денес гневот на Јагнето е неопходен за светот да се ослободи од злото и од оние кои тврдоглаво се држеле за него.

Блескавите висококатници на корпорациите лежат во урнатини. Куќите и автомобилите за кои некои луѓе живееле, се уништени во оган.

Никој не го носи својот паричник со себе. Одат само луѓе.

Ти погледнуваш надолу и гледаш оган кој како молња се спушта хирушки прецизно. И тогаш сѐ е готово.

Безброј луѓе се движат со тебе кон Небото. Не можеш да престанеш да ги гледаш колку се прекрасни. Според нивната облека се обидуваш да погодиш од каде се. Некои се облечени во европски стил од 1650-те години, некои во кинески стил од 2012 година, некои се од Ур Халдејски околу илјада години пред Христа. Среќни се. Гледаат горе. Знаат кого го бараат со својот поглед. Како тоа веќе да го очекувале. Денес, уште како мртви во своите гробови, го слушнале Неговиот глас, гласот кој го слушале и за време на нивниот живот.

„Ова е нашиот Бог“ велат тие, „во кого се надевавме и Тој нѐ спаси“. Ќе се радуваме засекогаш![6]

Исус рекол: „Не се воодушевувајте на ова, бидејќи иде час во кој сите кои се во гробовите ќе го слушнат гласот на Божјиот син, и ќе излезат оние кои правеле добро за воскресение во живот, а кои правеле зло за воскресение за судот“.[7]

[1] 1. Солуњаните 4,16
[2] Откровение 1,7.
[3] 1. Солуњаните 4,17.
[4] 1. Коринќаните 15, 51.52.
[5] Откровение 6,16.
[6] Исаија 25,9.
[7] Јован 5,28.29.



photo: Dragana Selaković-Duval

# Ти во вечноста

Поглаварот на некое племе од Нова Гвинеја бил повикан на состанок на Обединетите нации во Њујорк. Кога се вратил дома, отишол во едно малечко планинско село чиишто жители никогаш не патувале и се обидел да им го опише своето патување.

„Отидов во градот, а потоа влегов во голема кану кое леташе како птица“, им раскажувал тој. „Водата беше поширока од 1000 реки, но ја поминавме за еден ден без веслање. Дојдовме во село со милион колиби, во кои многу луѓе се розови, има и жолти, а некои беа со нормална боја. Таму се возев во колиба која се движеше по патека од црна карпа. Дојдовме до многу голема колиба. Голема колку сто колиби наредени една врз друга. А една мала колиба се креваше како гуштер по ѕидот на таа голема колиба и нѐ носеше високо нагоре. На врвот можев да гледам над сите планини. Таму седев меѓу облаците со старешините на многу земји...“

Селаните му рекле дека лаже и дека полудел, па го претепале. Тоа било премногу различно од сѐ што тие некогаш доживеале.

Библиските пророци имаат сличен проблем. Тие им кажуваат на луѓето како изгледа идниот живот во виденијата за кои тврдат дека ги добиле од Бога, но повеќето тоа не можат да си го замислат. „Еве, ви кажувам тајна“, пишува еден од пророците. „Што окото не виде, што увото не чу и во човечкото срце не дојде, тоа Бог го приготви за оние кои го љубат“.[1]

И што уште кажуваат тие?

Тие велат дека нашето тело ќе биде многу посовршено.[2]

Велат дека никогаш повеќе нема да страдаме. Никогаш.[3]

Велат дека никој нема да умре.[4]

Тие велат дека природата на Земјата ќе биде совршена без насилство ни уништување.[5]

Можеби најтешко е да се замисли кога тие велат дека луѓето засекогаш ќе се однесуваат едни кон други со љубов и почитување. Замисли си цивилизација во која нема развод, војна, насилства на стадионите, расистички коментари.

Луѓето ќе бидат поврзани едни со други во длабока искреност и добрина. Замисли да не се плашиш да бидеш она што навистина си, покажувајќи му го на светот целото твое вистинско внатрешно јас, не плашејќи се од осудување или од отфрлање.[6] Замисли си дека можеш да ги сакаш другите луѓе без напор и да ја почитуваш нивната индивидуалност и различност. Замисли си меѓучовечи односи во кои никогаш нема разочарувања ни грубости.

И што ќе направиш ти?

Само ќе уживаш во таа убавина? Сите твои сетила сега работат со полн капацитет, а со првите впечатоци забележуваш дека сѐ е некако погласно, повкусно, поразнобојно и помириzливо отколку што некогаш си доживеал. Тоа речиси е неодоливо, но ти не сакаш да престане, бидејќи сфаќаш дека до тој момент ти си бил само наполу жив.

Можеби ќе посакаш да живееш со слоновите и да го набљудуваш нивниот начин на комуникација.

Можеби својот 1200-ти роденден ќе го прославиш едрејќи крај брегот.

Можеби ќе го слушаш Јохан Себастијан Бах како ја изведува својата најнова композиција.

Ќе можеш да ги учиш зборовите и движењата на африкански песни со стил и на јазик кој никогаш претходно не си го слушнал.

Ќе тргнеш во прошетка во ветровит ден на незагадена плажа, каде што секое ново вдишување на чистиот воздух е подобар од најпријатните задоволства на кои се сеќаваш од овој живот.

Никогаш нема да ти биде досадно. Ако треба пет минути за да го почекаш својот пријател, можеш да ја набљудуваш тревата и ќе сфатиш дека секоја тревка е уметнички обликувана, технички совршена фабрика за кислород. Или ќе погледнеш горе и ќе се восхитуваш како најголемата галаксија се движи како во некој елегантен балет, делумно да нè одржи живи а делумно да нè воосхити со својата убавина, и во таа сцена ќе ја почувствуваш љубовта на твојот небесен Татко, кој за тебе, и за сите нас, го изградил најголемото игралиште досега – вселената.

Дали е некој за тенис? Првата серва поминува покрај тебе со брзина од 400 км /ч, твоите нозе заземаат совршена положба и твојата рака замавнува со вчудоневидувачка сила, враќајќи ја топката прецизно во посакуваниот агол. Ти се надеваш дека твојот пријател ќе стигне до неа и тој ја стигнува, но во последен момент. Топовски ти ја враќа исправно и ти си подготвен, но топчето го допира врвот на мрежата и отскокнува метар повисоко. Штом твојот ум тоа ќе го забележи, твоето тело скокнува во воздух, чувствувајќи задоволство во секој мускул, имајќи целосна контрола. Оваа игра ќе трае со часови и никому не му е важно дали ќе победи, зашто во тој свет секогаш победник е љубовта.

Ќе изградиш камена куќа над магловидно езеро и ќе засадиш градина во која ќе ги повикаш своите пријатели да пробаат разновидни плодови.[7]

Разговараш со некои од најзначајните луѓе од историјата. Сакам да организирам вечера со Вилјам Вилберфорс, кој се бореше за ослободување на робовите и со пасторот Мартин Лутер Кинг, кој се застапуваше за правата на Афроамериканците и сиромашните луѓе. Замисли како си ги разменувате животните приказни со некој кој живеел во некој друг век.

Запознаваш среќна брачна двојка која работела во занаетчиска продавница, правејќи чевли за Западнаците. Тие велат дека отсекогаш сакале да се образуваат, но никогаш не успеале да си го дозволат тоа. Денеска Бог им одржал научна лекција за пчелите, смалувајќи ги за да ги набљудувал како го вшмукуваат поленот од цвеќињата. Тие едвај чекаат да видат што ќе биде следно.

Можеш да бидеш сам секогаш кога ќе посакаш, но никогаш повеќе нема да бидеш осамен.

Никогаш нема да се измориш. Кажано ни е дека таму нема да има ноќ.[8] Замисли да имаш доволно енергија да живееш без спиење.

Таму ќе има бескрајно повеќе забава, ќе бидеме позадоволни од она што сега можеме да го замислиме.

А кое ќе биде најголемо од сите задоволства? Што ќе го познаваш Бога, најпривлечното и најпрекрасното битие кое постои. Библијата вели дека ќе го „гледаме Неговото лице“. (Мислам дека нема да можам да престанам да го гледам).

Можеби мноштво луѓе ќе му поставуваат тешки прашања, од кои повеќето ќе почнуваат со зборот „зошто?“ Зошто не спречи мојата мајка да умре толку млада? Зошто дозволи војната да ја уништи мојата земја? Не можам да дочекам да слушнам што ќе ми одговори Бог, додека минува низ деталната историја на секое човечко суштество и објаснува како се обидувал секоја душа да ја сврти кон љубовта, вистината и среќата, дури и кога сме го отфрлиле и сме се залажувале себеси на своите слатки патишта, злоупотребувајќи ја нашата слободната волја. Тоа ќе бидат комплицирани одговори, изнесување на детали од нашето минато, дури ќе ни покажува што можело да ни се случи. Тоа можеби ќе трае и стотици години, но тогаш ќе имаме неограничено време, а пророците ни кажуваат дека Бог ќе одвои време и ќе ни даде одговор кој ќе ги задоволи и најдлабоките мислители, за да сфатиме дека Бог за секого од нас го направил она што е апсолутно најдобро. Еден пророк видел мноштво слободни, паметни луѓе кои му признаваат на Бога дека е праведен и добар во Неговото однесување кон луѓето, и дека се среќни што Тој владее со целата вселена.[10]

Ти и јас можеби само ќе посакаме да му кажеме „благодарам“ на Оној кој сè направил за наше и негово задоволство, и кој ја сака само нашата љубов и среќа. Засекогаш.

„Ниту едно човечко око не видело, ниту едно уво не слушнало, ниту еден ум не може да го замисли тоа што Бог им го подготвува на оние кои Го сакаат – но Бог ни го открил тоа со својот Дух“ (1. Коринќаните 2,9-10, парафразирано од авторот).

„Ангелот ми кажа: 'Овие зборови се верни и вистинити. ГОСПОД Бог кој ги вдахнал пророците, го пратил својот ангел да им го покаже на своите слуги она што наскоро ќе се случи. И знај, ќе дојдам скоро!'“ (Откровение 22,6-7, парафразирано од авторот).

[1] 1. Коринќаните 15,51; 2,9.
[2] Види Филипјаните 3,20.21.
[3] Исаија 25,8; Откровение 7,17; 21,4.
[4] Откровение 21,4.
[5] Исаија 11,9; 65,25.
[6] 1. Коринќаните 13,12.
[7] Исаија 65,21.22; Амос 9,14.
[8] Откровение 21,25; 22,5.
[9] Откровение 22,4.
[10] Откровение 15,3.4.



# ГОЛЕМАТА БОРБА

Поглед на историјата кој го разоткрива судирот меѓу доброто и злото




Не пропуштајте ја оваа извонредна пригода да добиете примерок од **БЕСПЛАТНОТО** издание на книгата „Големата борба“. Сè што треба е да ја порачате на еден од телефоните:

**071/569 076**
**02/20 30 777**

Количините се ограничени!



*Кога ќе го погледнеме светот денес, ни изгледа како злото да победува. Поради тоа мнозина ја губат надежта и се препуштаат пред неговиот наплив, прашувајќи се до кога.*

*Судирот меѓу доброто и злото дошол до својот драматичен врв. Сепак, сè уште можеме да ја избереме победничката страна.*

*Книгата* ***Големата борба*** *ни разоткрива една поширока перспектива за настаните во светот, која ни покажува дека, и покрај сè, Бог „ги држи конците“ и ќе постигне конечна победа над злото.*

*На која страна ќе се најдеш ти?*